alcatel






# A3




За повеќе информации како да го користите телефонот, преминете на www.alcatel-mobile.com и преземете го целосниот кориснички прирачник. Дополнително, на веб-страницата, можете да најдете одговори на често поставувани прашања, да извршите надградба на софтвер преку Мобилна надградба и многу повеќе.

## Помош

Погледнете ги следниве ресурси за да најдете повеќе информации за често поставувани прашања, софтверот и услугата.

| За да научите за | Направете го следново |
|---|---|
| **Погледнете ги често поставуваните прашања** | Отидете на http://www.alcatel-mobile.com/global-en/support/topFaq.json |
| **Ажурирање на софтверот на вашиот телефон** | Направете ажурирање преку FOTA или преку апликацијата **Системски ажурирања**на вашиот телефон.<br>За да ја преземете алатката за ажурирање на софтверот на вашиот компјутер, отидете на http://www.alcatel-mobile.com/global-en/support/softwareUpgrade/list |
| **Пронаоѓање на вашиот сериски број или IMEI** | Можете да го пронајдете вашиот сериски број или IMEI (Меѓународен идентитет на мобилна опрема) на пакувањето. Или, на телефонот, изберете **Поставки** > **За телефонот** > **Статус**. |
| **Добивање услуга за гаранцијата** | Прво, следете го советот даден во овој водич. Потоа, проверете ги телефонските броеви за помош и информациите од сервисните центри посетувајќи http://www.alcatel-mobile.com/global-en/support/repairResult |
| **Преглед на правни информации** | На телефонот, отидете во **Поставки** > **За телефонот** > **Правни информации**. |
| **Користење на ONETOUCH Cloud** | Отворете го Центарот за корисници, а потоа, допрете **Повеќе информации**. За лекција од Центарот за корисници преку интернет (може да биде недостапно во одредени области), отидете на http://my.alcatelonetouch.com/personalcloud/loginPage?reqUrl=/dashboard/index. |
| **Користење други апликации од alcatel** | Отидете на http://www.alcatel-mobile.com/global-en/apps/appsList |



# Содржина


**Безбедност и употреба ........................................ 5**

**Радио бранови ........................................ 10**

**Лиценци ........................................ 13**

**Општи информации ........................................ 15**

**1 Вашиот мобилен ........................................ 18**

1.1 Копчиња и конектори ........................................ 18
1.2 Започнување ........................................ 22
1.3 Почетен екран ........................................ 23

**2 Внесување на текст ........................................ 32**

2.1 Користење на тастатурата на екранот ........................................ 32
2.2 Уредување текст ........................................ 33

**3 Повик, Дневник на повици и Контакти ........................................ 34**

3.1 Повик ........................................ 34
3.2 Дневник на повици ........................................ 41
3.3 Контакти ........................................ 42

**4 Пораки и е-пошта ........................................ 49**

4.1 Пораки ........................................ 49
4.2 Е-пошта ........................................ 54

**5 Календар, Часовник и Калкулатор ........................................ 57**

5.1 Календар ........................................ 57
5.2 Часовник ........................................ 59
5.3 Калкулатор ........................................ 62

**6 Поврзување ........................................ 63**

6.1 Поврзување на интернет ........................................ 63
6.2 Поврзување со уредот Bluetooth ........................................ 65
6.3 Поврзување со компјутер преку USB ........................................ 66

6.4 Споделување на мобилната податочна врска на вашиот телефон.......67
6.5 Поврзување со виртуелни приватни мрежи.......69
6.6 Поврзување со уреди преку NFC.......70

**7 Мултимедијални апликации....... 71**
7.1 Камера.......71
7.2 Галерија.......77
7.3 Музика.......80

**8 Друго....... 81**
8.1 Датотеки.......81
8.2 Снимач на звук.......81
8.3 Компас.......82
8.4 Радио.......82
8.5 Други апликации.......84

**9 Google- апликации....... 85**
9.1 Chrome.......85
9.2 Gmail.......85
9.3 Maps.......86
9.4 YouTube.......86
9.5 Play Store.......86
9.6 Drive.......87
9.7 Play Music.......87
9.8 Play Movies & TV.......87
9.9 Duo.......87
9.10 Photos.......88
9.11 Keep.......88

**10 Поставки....... 89**
10.1 Безжични одлики и мрежи.......89
10.2 Уред.......92
10.3 Лично.......97
10.4 Систем.......103





**11 Како најдобро да го искористите вашиот телефон.......108**
11.1 Надградба.......108
11.2 FOTA Upgrade.......108

**12 Прибор.......110**

**13 Гаранција.......111**

**14 Проблеми и решенија.......113**

**15 Спецификации.......122**


www.sar-tick.com

Овој производ ги исполнува важечките национални SAR граници на 2.0 W/kg. Специфичните максимални SAR вредности можат да се најдат на страница 11 од ова упатство.

При носење на производот или при негова употреба блиску до вашето тело, употребувајте дозволен додаток како футрола или држете го на растојание од 5 мм од телото за да се обезбеди усогласеност со барањата за изложеност на RF. Производот може да се однесува како преносител дури и кога не се воспоставува телефонски повик.

**ЗАШТИТЕТЕ ГО ВАШИОТ СЛУХ**

За спречување на можно оштетување на слухот, не слушајте премногу гласна музика во подолг временски период. Бидете претпазливи кога го држите вашиот уред до увото кога звучникот е во употреба.

# Безбедност и употреба ...............

Препорачуваме внимателно да го прочитате ова поглавје пред да го користите вашиот телефон. Производителот се одрекува од секаква одговорност за штета, која може да е причинета како последица од неправилна употреба или од употреба спротивна на инструкциите содржани овде.

## • БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ:

Студиите покажуваат дека употребата на мобилен телефон при управување на возило создава реален ризик, дури и кога се користат слушалките или опремата за автомобил, возачите треба да се воздржуваат од употреба на нивните мобилни телефони кога возилото не е паркирано.

Кога возите, не употребувајте го вашиот телефон и слушалките за да слушате музика или радио. Употребата на слушалки може да биде опасна и е забранета во некои области.

Кога е вклучен, вашиот телефон емитува електромагнетни бранови кои можат да интерферираат со електронскиот систем на возилото како што се АБС против блокирање на сопирачки или воздушни перничиња. За да бидете сигурни дека нема проблем:

- не поставувајте го вашиот телефон на управувачката табла или во делот каде се наоѓа воздушното перниче,
- проверете кај продавачот на возилото или кај производителот за да се осигурате дека управувачката табла е адекватно заштитена од RF енергија.

## • УСЛОВИ НА УПОТРЕБА:

Ви советуваме да го исклучите телефонот од време на време за да ја зголемите неговата употреба.

Исклучете го телефонот пред да влезете во авион.

Исклучете го телефонот кога сте во здравствени установи, освен во означени области. Како и кај многу други видови на опрема сега во редовна употреба, мобилните телефони можат да интерферираат со други електрични или електронски уреди или опрема користејќи радио фрекфенција.



Исклучете го телефонот кога сте во близина на гас или запаливи течности. Строго почитувајте ги сите знаци и инструкции поставени во складиште на гориво, бензинска пумпа или хемиска постројка или во било каква потенцијално експлозивна атмосфера.

Кога телефонот е вклучен, треба да се држи најмалку 15 цм од било кој медицински уред како што е пејсмејкер, слушно помагало или инсулинска пумпа, итн. Особено кога го употребувате телефонот, би требало да го држите до увото на спротивната страна од уредот.

За да избегнете влошување на слухот, одговорете на повикот пред да го ставите телефонот на вашето уво. Исто така, оддалечете ја слушалката од увото кога го користите „хендсфри“ начинот, бидејќи засилениот тон може да предизвика оштетување на слухот.

Не дозволувајте децата да користат телефон и/или да се играат со него и неговите додатоци без ваш надзор.

Имајте предвид дека батеријата од вашиот телефон не може да се извади. Ако го расклопите вашиот телефон, гаранцијата ќе престане да важи. Со расклопување на телефонот може да ја оштетите батеријата и може да дојде до истекување на супстанции кои можат да создадат алергиска реакција.

Секогаш грижливо ракувајте со вашиот телефон и чувајте го на чисто место на кое нема прашина.

Не дозволувајте вашиот телефон да биде изложен на лоши временски услови или услови на околината (влага, влажност, дожд, навлегување на течности, прашина, морски воздух, итн). Производителот препорачува работен температурен опсег од -10°C до +55°C.

Читливоста на екранот може да се намали на температура над 55˚C, но тоа е привремено и не е ништо сериозно.

Броевите за итни случаи можеби се недостапни на сите мобилни мрежи.

Никогаш не треба да се потпирате само на вашиот телефон за повици за итни случаи.

Не отворајте го, не расклопувајте го и не обидувајте се сами да го поправите вашиот мобилен телефон.

Не испуштајте го, не фрлајте го и не превиткувајте го вашиот мобилен телефон.

Не го користете телефонот ако стаклото на екранот е оштетено, испукано или скршено за да избегнете било каква повреда.

Избегнете го боењето на телефонот.

Користете само батерии, полначи и опрема кои се препорачани од TCL Communication Ltd. и нивните партнери, компатибилни со вашиот модел на телефон. TCL Communication Ltd. и нивните партнери се откажуваат од било каква одговорност за штета причинета со употребата на други полначи или батерии.

Не заборавајте да направите резервни копии или да чувате пишани записи за сите важни информации што се зачувани во вашиот уред.

Некои луѓе може да страдаат од епилептични напади или да се онесвестат кога се изложени на трепкачки светла или кога играат видео игри. Овие напади или несвестици можат да се случат дури и ако лицето никогаш претходно немало напад или несвестица. Ако сте доживеале напади или несвестици или ако имате семејна историја на такви случувања, консултирајте се со вашиот лекар пред да играте видео игри на телефонот или пред да ја вклучите функцијата за трепкачки светла на истиот.

Родителите треба да ги надгледуваат нивните деца при употреба на видео игри или на други функции кои содржат трепкачки светла на телефонот. Сите лица треба да ја прекинат употребата и да се консултираат со лекар ако се случи било кој од следниве симптоми: грч, грчење на окото или мускулите, губење на свеста, безволни движења или дезориентација. За да ја ограничите веројатноста за вакви симптоми превземете ги следниве безбедносни мерки на претпазливост:

- Не играјте или не користете ја функцијата на трепкачки светла ако сте уморни или ви се спие.
- Секој час правете минимум 15-минутна пауза.
- Играјте во соба во која сите светла се вклучени.
- Играјте на најголемо можно растојание од екранот.
- Ако вашите дланки, зглобови или раце станат уморни или болни при играњето, запрете и одморете неколку часови пред повторно да играте.
- Ако болките во дланките, зглобовите или рацете продолжат во текот или после играњето, запрете ја играта и одете на доктор.

Кога играте игри на вашиот телефон, можете да доживеете повремена нелагодност во вашите дланки, раце, рамења, врат или други делови од вашето тело. Следете ги инструкциите за да ги избегнете проблемите како што се тендинитис, синдромот на карпален тунел или други мускулоскелетни заболувања.



**ЗАШТИТЕТЕ ГО ВАШИОТ СЛУХ**

За спречување на можно оштетување на слухот, не слушајте премногу гласна музика во подолг временски период. Бидете претпазливи како го држите вашиот уред до увото кога звучникот е вклучен.

## • ПРИВАТНОСТ:

Треба да знаете дека мора да ги почитувате важечките закони и прописи во ваша надлежност или друга надлежност(и) каде што ќе го употребувате вашиот мобилен телефон во поглед на фотографирање и снимање звуци со вашиот мобилен телефон. Согласно со таквите закони и прописи, можеби е строго забрането фотографирање и/или снимање на гласовите на други луѓе или било какви нивни лични особини и копирање и дистрибуција на снименото, бидејќи тоа може да се смета како напад на приватноста. Лична одговорност на корисникот е да добие дозвола, ако е неопходно, за да снима приватни или доверливи разговори или да фотографира друго лице; производителот, продавачот или дистрибутерот на вашиот мобилен телефон (вклучувајќи го операторот) се откажуваат од било каква одговорност која може да е причинета од неправилна употреба на мобилниот телефон.

## • БАТЕРИЈА:

Заради почитување на прописите за воздух, батеријата на вашиот производ не е наполнета. Прво, наполнете ја.

**За уред без самоносна конструкција:**

Внимавајте на следниве мерки на претпазливост за користење на батеријата:

- Не обидувајте се да ја отворите батеријата (поради ризикот од отровни испарувања и изгореници).
- Не обидувајте се да ја продупчите, не расклопувајте ја или не предизвикувајте краток спој во батеријата.
- Не горете ја и не фрлајте ја искористената батерија во отпадоци од домаќинството и не чувајте ја на температура над 60°C.

Батериите мора да бидат отстранети во согласност со локалните применливи еколошки одредби. Батеријата користете ја само за целта за која таа е наменета. Никогаш не употребувајте оштетени батерии или оние кои не се препорачани од TCL Communication Ltd. и/или нивните партнери.

**За уреди без самоносна конструкцијасо батерија без можност за вадење:**

Имајте предвид дека батеријата од вашиот телефон не може да се извади. Почитувајте ги следниве мерки на претпазливост:

- Не обидувајте се да ја откачувате, заменувате или отворате батеријата,
- Не продупчувајте ја, не расклопувајте ја и не создавајте краток спој во батеријата;
- Не спалувајте го и не фрлајте го вашиот телефон во отпадот од домаќинството и не чувајте го на температура над 60°C.

Телефоните со батерија без можност за вадење мора да се фрлат во отпад во согласност со локалните применливи прописи за животна средина.

**За уред со самоносна конструкција:**

Вашиот телефон е единечен уред, задниот капак и батеријата не можат да се отстранат. Внимавајте на следниве мерки на претпазливост:

- Не обидувајте се да ја отворите батеријата,
- Не обидувајте се да ја отстраните, замените или отворите батеријата,
- Не обидувајте се да го продупчите задниот капак на телефонот,
- Не горете ја и не фрлајте ја искористената батерија во отпадоци од домаќинството и не чувајте ја на температура над 60°C.

Телефонот и батеријата како нерасклоплив уред мора да бидат отстранети во согласност со локалните применливи еколошки одредби.



Овој симбол на вашиот телефон, батеријата и опремата значи дека овие производи мораат да бидат однесени на собиралишта на крајот до нивниот животен:

- Градски центри за депонирање на отпад со специфични контејнери за овие предмети од опремата.
- Собирни контејнери на местата на продажба.

Тие ќе бидат рециклирани, спречувајќи материите да бидат расфрлени во околината, па нивните компоненти можат повторно да се употребат.

### Во земјите на Европска унија:

Овие собиралишта се достапни бесплатно.

Сите производи со овој знак мора да бидат однесени на овие собиралишта.



### Во земјите надвор од Европска унија:

Предмети од опремата со овој симбол не треба да бидат отстранети во обични контејнери ако вашата јурисдикција или вашиот регион има прикладни рециклирачки и собирни установи; наместо тоа, тие треба да бидат однесени на собиралишта за нив, за да бидат рециклирани.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** ПОСТОИ РИЗИК ОД ЕКСПЛОЗИЈА АКО БАТЕРИЈАТА СЕ ЗАМЕНИ СО ПОГРЕШЕН ТИП НА БАТЕРИЈА. ФРЛЕТЕ ГИ УПОТРЕБЕНИТЕ БАТЕРИИ СПОРЕД ДАДЕНИТЕ ИНСТРУКЦИИ.

### • ПОЛНАЧИ:

Повеќето вклучени полначи ќе работат во температурниот опсег од 0˚C до 40˚C.

Полначите наменети за вашиот мобилен телефон го исполнуваат стандардот за безбедност на опремата за информациска технологија и за опремата за канцелариска употреба. Тие се, исто така, во согласност со екодизајн директивата 2009/125/EC. Поради различни применливи електрични спецификации, полнач кој сте го нарачале во една јурисдикција може да не работи во друга јурисдикција. Тие би требало да бидат користени само за оваа намена.

# Радио бранови..............................

Потребен е доказ за согласност со меѓународните стандарди (ICNIRP) или со Европската директива 2014/53/EU (RED) за сите модели на мобилни телефони пред тие да можат да се продаваат. Заштитата на здравјето и безбедноста за корисникот и било кое друго лице е основно барање на овие стандарди или на оваа директива.

ОВОЈ УРЕД Е ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ УПАТСТВА ВО ПОГЛЕД НА ИЗЛОЖЕНОСТ НА РАДИО БРАНОВИ.

Вашиот уред е радио предавател и приемник. Тој е дизајниран и произведен во согласност со праговите за изложеност на радиофрекфенција (RF) препорачани од интернационални барања. Овие граници беа одредени од независна научна организација (ICNIRP)и содржат значителен безбедносен коефициент наменет за обезбедување на безбедноста за сите, без оглед на возраста или здравствената состојба.

Стандардот за изложеност за мобилните телефони е одреден преку мерна единица позната како Специфична апсорпциона стапка или „SAR". SAR границата за мобилни телефони е 2 вати/килограм (W/kg).

Тестовите користени за утврдување на SAR нивоата се извршени врз основа на начини на стандардна употреба со емитување на телефоните на нивното максимално ниво на енергија преку целиот опсег на фрекфенциски групи. Највисоката SAR вредност според препораките на ICNIRP за овој мобилен телефон се:

**5046Y:**

| Максималната SAR вредност за овој модел и условите под кои тие се регистрирани. | | |
|---|---|---|
| **SAR покрај глава** | LTE Band 7 + Wi-Fi | 1.19 W/kg |
| **SAR покрај тело** | LTE Band 7 + Wi-Fi | 1.64 W/kg |

**5046D:**

| Максималната SAR вредност за овој модел и условите под кои тие се регистрирани. | | |
|---|---|---|
| **SAR покрај глава** | LTE Band 7 + Wi-Fi | 1.19 W/kg |
| **SAR покрај тело** | LTE Band 7 + Wi-Fi | 1.64 W/kg |

За време на употреба, вистинската SAR вредност на овој уред обично е многу пониско од вредностите дадени погоре. Тоа е затоа што, за системска ефикасност и минимизирање на интерференцата на мрежата, оперативната моќ на вашиот мобилен уред автоматски се намалува кога целосната моќ не е употребена при повик. Колку е пониска излезната моќ, толку е пониска SAR вредноста.

SAR тестирањата се извршени на оддалеченост од телото од 5 мм. Заради почитување на RF изложеноста при носење покрај телото, уредот треба да биде поставен најмалку на оваа оддалеченост од телото.

Ако не употребувате одобрени додатоци, треба да се осигурате дека производот што го употребувате не содржи метал и дека го позиционира телефонот на погоре наведеното растојание оддалечено од телото.

Организациите како што се Светската Здравствена Организација и Американската Администрација за Храна и Лекови препорачуваат доколку сте загрижени и сакате да ја намалите својата изложеност, тогаш употребувајте хендсфри слушалки за држење на телефонот подалеку од главата и телото за време на повик, или да го намалите времето на користење на телефонот.

За повеќе информации посетете ја веб-страницата www.alcatel-mobile.com



Дополнителни информации за електромагнетни полиња и јавното здравство се достапни на следнава страница: http://www.who.int/peh-emf.

Вашиот телефон е опремен со вградена антена. За оптимална употреба, треба да избегнувате нејзино допирање или деградирање.

Мобилните уреди нудат низа функции кои можат да се употребуваат во други позиции освен на уво. Во вакви случаи уредот ќе биде во согласност со препораките за употреба, кога се користи со слушалки или USB кабел. Ако употребувате друга дополнителна опрема, истата опрема не смее да содржи метал и треба да го оддалечи телефонот најмалку 5 мм од телото.

Бидете внимателни кога го користите уредот, некои од вашите лични податоци можат да се споделат со главниот уред. Ваша одговорност е да ги заштитите личните податоци и да не ги споделувате со неовластен уред или со уреди на трети лица. За производи со Wi-Fi карактеристики, поврзете се само со доверливи Wi-Fi мрежи. Исто така, кога го користите уредот како хотспот (каде што е достапно), користете мрежна безбедност. Овие мерки ќе помогнат за спречување на неавторизиран пристап на вашиот уред. Вашиот уред може да ги зачува личните информации на различно место, вклучувајќи ја и SIM картичката, мемориската картичка, и вградената меморија. Не заборавајте да ги отстраните или избришете сите лични информации пред да го рециклирате, замените или да го подарите вашиот уред. Внимателно изберете ги апликациите и ажурирањата, и инсталирајте ги од доверливи извори. Некои апликации можат да влијаат врз работата на уредот и/или да имаат пристап до личните информации, вклучувајќи инфомрации за сметката, податоци за повиците, информации за локацијата и мрежните ресурси.

Имајте предвид, дека сите податоци споделени со TCL Communication Ltd. се зачувуваат во согласност со важечката законска регулатива за заштита на податоците. За овие цели TCL Communication Ltd. имплементира и оддржува соодветни технички и организациски мерки за заштита на сите лични податоци, на пример против неовластена или незаконска обработка и случајно губење или уништување или пак оштетување на личните податоци, при што мерките обезбедуваат ниво на безбедност, имајќи ги во предвид

(i) техничките можности на располагање,

(ii) трошоците за спроведување на мерките,

(iii) ризиците кои се вклучени за обработката на личните податоци, како и

(iv) чувствителноста на личните податоци кои се обработуваат.

Можете да пристапите, да ги прегледате и да ги измените личните информации во секое време, како и да се најавите на вашата сметка, да го посетите вашиот профил или директно да нè контактирате. Ако имате потреба од нас, за измена или бришење на личните податоци, можеме да побараме да ни обезбедите доказ за вашиот идентитет пред да ви помогнеме.

# Лиценци........................................

microSD логото е заштитен знак.

Bluetooth знакот и логото се во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секоја употреба на такви знаци од TCL Communication Ltd. и нивните партнери е под лиценца. Други заштитни знаци и трговски имиња се тие на нивните соодветни сопственици.

alcatel A3 Bluetooth Declaration ID D032716

Wi-Fi Логото е сертифициран знак на Wi-Fi Alliance.
Со оваа опрема може да се работи во сите европски држави.
Google, Google логото, Android, Android логото, Google Search ™, Google Maps ™, Gmail ™, за YouTube, Google Play Store, Google latitude ™, и Hangouts ™ се заштитни знаци на Google Inc.

Андроид роботот е репродуциран или модифициран од дело создадено и споделено од страна на Google и се користи според условите опишани во Creative Commons 3.0 Attribution License (текстот ќе се појави кога кога ќе допрете и задржете **Google правно** во **Подесувања\За телефонот\Правни информации**) [1].

Купивте производ кој користи софтвер со отворен код (http://opensource.org/) програми mtd, msdosfs, netfilter/iptables и initrd во предметниот код и други програми од отворени извори лиценцирани од GNU General Public License и Apache License.

Ние ќе ви обезбедниме целосна копија од соодветниот извор на кодови на ваше барање во рок од три години од дистрибуцијата на производот од страна на TCL.

Можете да ги превземете изворните кодови од http://sourceforge.net/projects/alcatel/files/. Обезбедувањето на изворниот код е бесплатен од интернет.

[1] Достапно во одредени држави.



Со ова истакнуваме дека гаранцијата за крајниот корисник за повреда на правата на интелектуална сопственост е ограничена само за земјите од Европска Унија.

Ако производот е извезен, земен или се користи од крајниот клиент или од крајниот корисник надвор од Европската Унија, гаранцијата или обештетувањето на производителот и неговите добавувачи во однос на Производот истекува (вклучувајќи и надомест на штета во однос на кршење на правата од интелектуална сопственост).

# Општи информации ......................

- **Интернет адреса:** www.alcatel-mobile.com
- **Број за директен контакт**: погледнете во "TCL Communication Services" брошура или на нашата интернет страница.
- **Производител:** TCL Communication Ltd.
- **Адреса:** 5/F, Building 22E, 22 Science Park East Avenue, Hong Kong Science Park, Shatin, NT, Hong Kong
- **Патека за електронско означување (Е-етикета):** Допрете Подесувања/ Регулатива и безбедност или внесете "#07#", можете да најдете повеќе информации за етикетирање [1].

На нашата интернет локација, ќе ја најдете нашата ЧПП (Често поставувани прашања) секција. Можете и да контактирате со нас преку е-пошта за да прашате било какви прашања кои можеби ги имате.

Оваа радио-опрема работи со следниве фреквентни појаси и максимална моќност на радио-фреквенција:

GSM850/900: 33 dBm

GSM1800/1900: 30 dBm

UMTS B1/2/5/8: 24 dBm

LTE B1/3/7/8/20: 24 dBm

Bluetooth: < 20 dBm

802.11b/g/n: 2.4GHz фреквентен појас < 20 dBm;

NFC [2] 13.56 MHz: < 25 dBuA/m at 10m

TCL Communication Ltd. изјавува дека радио-опремата тип Alcatel 5046Y/5046D е во сообразност со Директивата 2014/53/EU. Целосниот текст на изјавата за сообразност за ЕУ е достапен на следнава интернет-адреса: http://www.alcatel-mobile.com/EU_doc.

(1) Достапно во одредени држави.

(2) Само за 5046Y.



Описот на дополнителната опрема и компонентите, вклучувајќи го софтверот, кој овозможува радио-опремата да работи како што е предвидено, може да се најде во целосниот текст на изјавата за сообразност за ЕУ на следнава интернет-адреса: http://www.alcatel-mobile.com/EU_doc.

## Заштита од кражба [1]

Вашиот телефон е идентификуван преку IMEI [2] (телефонски сериски број) прикажан на налепница на пакувањето и во меморијата на производот. Ви препорачуваме да го забележите бројот, првиот пат кога ќе го користите вашиот телефон, внесувајќи #06# и да го чувате на безбедно место. Може да биде побаран од полицијата или вашиот оператор ако вашиот телефон е украден. Овој број овозможува вашиот мобилен телефон да биде блокиран, спречувајќи користење од страна на трето лице, дури и со различна SIM картичка.

## Одрекување од одговорност

Може да има одредени разлики помеѓу упатството за корисникот и употребата на телефонот, во зависност од софтверот на вашиот телефон или специфичните услуги на операторот.

(2) Контактирајте со вашиот мрежен оператор за да ја проверите достапноста на услугата.

(2) Телефоните со две SIM картички се идентификуваат со два IMEI броеви.

TCL Communication не е законски одговорен за било какви разлики, во случај да постојат, ниту нивните потенцијални последици, одговорноста е на товар исклучиво на операторот. Овој уред може да содржи материјали, како и апликации и софтвер во извршна форма или изворен код, кои се поднесени од Трета страна за вклучување на овој уред ("Материјали од Трета Страна"). Сите материјали од Третата страна во овој уред, се дадени "такви какви што се", без било какви гаранции, ниту експлицитни ниту имплицитни, вклучувајќи ги и имплицираните продажни гаранции, погодни за одредена цел или употреба на апликациите од трета страна, взаемно делување со останатите материјали или апликации на купувачот и без повреда на авторските права. Купувачот прифаќа дека TCL Communication Ltd. како производител на мобилни уреди, во согласност со правата на интелектуалната сопственост се придржува кон сите обврски поврзани со квалитетот. TCL Communication во ниту еден случај нема да биде одговорен за неправилноста или неисправноста на Материјалите од трета страна при работење на овој уред или во интеракција со други уреди на купувачот. TCL Communication во најголема мера дозволива со законот, се одрекува од секаква одговорност за какви било штети, барањата, тужби или акции, а особено - но не ограничувајќи се – на судските процеси, под секаква теорија на одговорност која произлегува од употреба, без оглед на начините или обидите за употреба на такви Материјали од трета страна. Покрај тоа, присутните Материјали од трета страна, кои се обезбедени бесплатно од страна на TCL Communication може да бидат подложни на наплаќање за ажурирање и надградба во иднина TCL Communication се одрекува од било каква одговорност поврзана со ваквите дополнителни трошоци, а кои се на товар исклучиво на купувачот. Достапноста на апликациите може да варира во зависност од земјите и операторите каде што се користи уредот; Листата на можни апликации и софтвери што се нудат, во никој случај нема да се смета за обврзувачка за TCL Communication, листата ќе биде достапна само како информација на купувачот. Потоа, TCL Communication, нема да биде одговорен за недостаток на достапноста на една или повеќе апликации побарани од купувачот, бидејќи нивната достапност зависи од земјата и операторот на купувачот. TCL Communication го задржува правото во било кое време да ги додаде или отстрани Материјалите од третата страна од своите уреди без претходна најава; TCL Communication во никој случај нема да одговараат за било какви последици на купувачот, поврзани со тие отстранувања и употреба или обид за користење на таквите апликации и Материјали од трета страна.



# 1 Вашиот мобилен ...................

## 1.1 Копчиња и конектори






**Копче за Неодамнешни апликации**

- Допрете го за да се префрлите помеѓу поединечните дејства во апликациите и документите.

**Копче за Почетна страница**

- Од која било апликација или приказ, допрете го за да се вратите на Почетниот екран.
- Притиснете долго за да го вклучите Google Now. Може да добиете помош, како што е добивање насоки и информации за ресторани врз основа на содржината што е откриена на екранот.



**Копче за враќање назад**

- Допрете го за да се вратите назад од претходниот приказ, или за да затворите рамка за дијалог, мени со опции, панел со известувања итн.

**Копче за вклучување/исклучување**

- Со притискање: Се заклучува екранот/се вклучува екранот.
- Со притискање и задржување: Се прикажува скок-мени за избор меѓу Исклучување/ Рестартирање/ Авионски режим.
- Притиснете ги и задржете ги притиснати **Копчето** за вклучување/исклучување и **Копчето за зголемување на јачината на звукот** во режим на исклучен телефон за да влезете во режимот на обнова.
- Притиснете ги и задржете ги притиснати **Копчето за вклучување/исклучување** и **Копчето за намалување на јачината на звукот** за да го сликате екранот.
- Притиснете го копчето за **Копчето за вклучување/ исклучување** и задржете го притиснато најмалку 10 секунди за да форсирате рестартирање.



#### Копчиња за јачина на звук

- Во режимот на повик, приспособете ја јачината на звукот од слушалка или од пар слушалки.
- Во режим Музика/Видео/Стримување, прилагодете ја јачината на звукот од медиумите.
- Во општ режим, прилагодете ја јачината на звукот на мелодијата на ѕвонење.
- Го стишува звукот на тонот на ѕвонење при дојдовни повици.
- Во режимот приказ на камера, притиснете на копчето за **зголемување на јачината на звукот** или за **намалување на јачината на звукот** за да снимите фотографија или притиснете и задржете притиснато за рафално снимање.



## 1.2 Започнување

### 1.2.1 Поставување

#### Вметнување или вадење на SIM/microSD картичката

Мора да ја вметнете вашата SIM-картичка за да остварите телефонски повици. Не мора да го исклучувате телефонот пред да ја внесете или да ја отстраните SIM-картичката, бидејќи овој телефон поддржува замена во тек на работа.

Вашиот телефон поддржува само nano SIM-картички. Не обидувајте се вметнете друг вид SIM-картички, како на пример, mini или nano картички, бидејќи може да го оштетите вашиот телефон.

#### Полнење на батеријата

Препорачливо е целосно да ја наполните батеријата ( ). Статусот на полнење е прикажан во проценти на екранот. Процентот се зголемува како што се полни телефонот.

За да ги намалите потрошувачката на електрична енергија и губењето на енергија кога батеријата е целосно наполнета, исклучете го полначот од приклучокот; исклучете ги Wi-Fi, GPS, Bluetooth или апликациите што работат во заднината кога не се користат; намалете го времето на задниинското осветлување итн.

### 1.2.2 Вклучување на вашиот телефон

Задржете го притиснато копчето **Вклучување/исклучување** сè додека телефонот не се вклучи, отклучете го телефонот (Влечење, PIN, лозинка или шема) ако е неопходно и потврдете. Се прикажува Почетниот екран.

Ако не го знаете вашиот PIN-код или сте го заборавиле вашиот PIN-код, стапете во контакт со вашиот оператор на мрежата. Чувајте го безбеден вашиот PIN-код.

### 1.2.3 Исклучување на вашиот телефон

Притиснете и задржете го Копчето за **вклучување/исклучување** сè додека не се појават опциите и изберете **Исклучување**.

## 1.3 Почетен екран

Сите ставки (апликации, кратенки, папки и додатоци) што ги сакате или најчесто ги користите може да ги донесете на вашиот Почетен екран заради брз пристап. Допрете го **Копчето за почеток** за да се префрлите на Почетен екран.




**Статусна лента**
- Индикатори за статус/известување
- Допрете и повлечете надолу за да го отворите панелот со известувања.

**Лента Google Search**
- Допрете ❶ за да влезете во приказот за пребарување со текст
- Допрете ❷ за да влезете во приказот за пребарување со говор

Лизгајте налево или надесно за приказ на повеќе екрани

**Лента со омилени апликации**
- Внесете апликација.
- Допрете долго за преместување или за отстранување апликации.

Внесете ја листата со апликации.



#### Реверзибилен екран

Телефонот поддржува функција за вртење на содржината. На Почетниот екран допрете за да го отворите списокот со апликации, потоа допрете **Подесувања** > **Екран** > **Кога уредот се врти > Заврти содржина на екран** за да ја вклучите функцијата.

### 1.3.1 Користење на екранот чувствителен на допир

**Допирање** 

За да пристапите до апликација, допрете ја со прстот.

**Долго притискање** 

За да влезете во достапните опции за одредена ставка, притиснете долго на ставката. На пример, изберете контакт во Контакти, долго притиснете долго на контактот и ќе се појави листа со опции.

**Повлекување** 

Долго притиснете на одредена ставка и повлечете ја до друга локација.

**Лизнување/Поминување со прст** 

Лизнете преку екранот за движење нагоре и надолу низ апликациите, сликите и интернет-страниците. Исто така, можете да лизнете преку екранот хоризонтално.

### Брзо поминување



Брзото поминување, кое е слично на поминувањето со прст, е полесен и побрз потег.

### Доближете ги/оддалечете ги прстите



Поставете два прста на површината на екранот и раздалечувајте ги или доближувајте ги за промена на големината на елемент на екранот.

Исто така, уредот поддржува зумирање со еден прст во **Камера** и **Галерија**. Допрете два пати на екранот за зумирање/одзумирање.

### Завртете



Автоматски променете ја ориентацијата на екранот од исправена во легната со вртење на телефонот во легната положба за да имате подобар приказ на екранот.

## 1.3.2 Статусна лента

Од статусната лента, можете да ги прикажете статусот на телефонот (на десната страна) и информациите за известувања (на левата страна).

Влечете ја статусната лента надолу за да се прикажат известувањата и влечете повторно надолу за да се влезете во панелот за брзи подесувања.

За да ја затворите, допрете ја и повлечете ја нагоре. Кога има известувања, може да ги допрете за да пристапите до нив.



### Панел со известувања

Кога постојат известувања, допрете ја и влечете ја надолу статусната лента за да го отворите панелот со известувања и да прочитате подетални информации.




### Панел за брзи подесувања

Допрете го и влечете го надолу панелот за известувања за да го отворите Панелот за брзи подесувања. Со допирање на иконите може да овозможите или да оневозможите функции или да менувате режими.




Влезете во корисничкиот приказ за да ги уредите името, телефонскиот број и други информации на сопственикот.

Отворете **Поставки** за да го прикажете целосниот список со поставки.

## 1.3.3 Лента за пребарување

Телефонот има функција за пребарување што може да се користи за да се лоцираат информации во апликациите, во телефонот или на интернет.






**❶ Пребарување со текст**

- Допрете ја лентата за пребарување од Почетниот екран.
- Внесете го текстот/фразата кои сакате да ги пребарувате.
- Допрете на тастатурата ако сакате да пребарувате на интернет.

**❷Пребарување со говор**

- Допрете од лентата за пребарување за да се прикаже екран за дијалог.
- Изговорете ги зборот/фразата кои сакате да ги пребарувате. Ќе се прикаже листа со резултати од пребарувањето од која можете да избирате.

## 1.3.4 Заклучување и отклучување на екранот

За да ги заштитите вашиот телефон и приватноста, може да го заклучите телефонот со шема, PIN-код или со лозинка итн.

### Отклучете ја шемата за да креирате екран шема за отклучување

- Од почетниот екран, допрете за да се отвори списокот со апликации, а потоа допрете **Поставки**> **Заклучи екран** > **Заклучување на екран** > **Шема**.
- Нацртајте своја шема.

### За да го заклучите екранот на телефонот

Притиснете го **Копчето за вклучување/исклучување** еднаш за да го заклучите екранот.

### За отклучување на екранот на телефонот

Притиснете го **Копчето за вклучување/исклучување** еднаш за да го вклучите екранот, со лизгање нацртајте ја шемата за отклучување што ја создадовте или внесете го вашиот PIN-код или лозинка итн.

Ако сте избрале **Поминување со прст** за заклучување на екранот, може да го притиснете **Копчето за вклучување/исклучување** за да се осветли екранот, а потоа да поминете со прст за да се отклучи екранот.




Допрете двапати за да влезете во деталниот екран

Лизнете нагоре за да го отклучите екранот

### 1.3.5 Персонализирајте го вашиот Почетен екран

#### Додавање

Можете долго да притиснете папка, апликација или додаток за да го активирате режимот за преместување и да ја повлечете ставката на саканиот Почетен екран.

#### Преместување

Долго притиснете на одредена ставка и повлечете ја до саканата положба, а потоа отпуштете. Можете да преместувате ставки и на Почетниот екран и на Лентата со омилени ставки. Држете ја иконата на левиот или десниот раб од екранот за да ја преместите на друг Почетен екран.



#### Отстранување

Притиснете долго на една ставка и влечете ја нагоре во горниот дел на иконата **Отстрани**, а потоа отпуштете ја.

#### Креирање папки

За да ја подобрите организацијата на кратенките или на апликациите на Почетниот екран и на Лентата со омилени ставки, истите нив може да ги додадете во папка, групирајќи ги ставките една врз друга. За да преименувате папка, отворете ја и допрете ја лентата со името на папката за да го внесете новото име.

#### Прилагодување заднина

Притиснете долго на празниот простор на Почетниот екран, а потоа допрете **ЗАДНИНА**за да ја приспособите заднината.

### 1.3.6 Додатоци и неодамна користени апликации

#### Преглед на додатоците

Долго притиснете долго на празниот простор на Почетниот екран, а потоа допрете **ДОДАТОЦИ** за да се прикажат сите додатоци.

Допрете го избраниот додаток и со лизгање преместете го во екранот што го претпочитате.

#### Погледнете неодамна користени апликации

За да ги видите неодамна користените апликации, допрете го копчето **Неодамнешни апликации**. Допрете сликичка во прозорецот за да ја отворите апликацијата.




Допрете една минијатура и лизгајте ја десно/лево или допрете **X** за да ја затворите апликацијата.

Допрете во долниот дел од на екранот за да ги затворите сите отворени апликации.

### 1.3.7 Прилагодување на јачината на звукот

#### Користење на копчето за јачина на звукот

Притиснете го **Копчето за јачина на звукот** за да ја прилагодите јачината на звукот. За да го активирате режимот на вибрации, притиснете го **Копчето за намалување на јачината на звукот** и задржете го притиснато додека телефонот не започне да вибрира.

#### Користење на менито со поставки

На Почетниот екран допрете за да го отворите списокот со апликации, потоа допрете **Подесувања** > **Звук и известување** > **Звук** за да ја поставите јачината на звукот на медиумите, мелодијата на sвонење, алармот итн, онака како што претпочитате.



# 2 Внесување на текст ...............

## 2.1 Користење на тастатурата на екранот

#### Поставки за тастатура на екран

Отидете во **Поставки** > **Јазик и внесување**, допрете ја тастатурата што сакате да ја поставите и ќ е се прикаже серија на поставувања што се достапни.

#### Прилагодување на ориентацијата на тастатурата на екран

Превртете го телефонот во легната или во исправена положба за да ја прилагодите ориентацијата на тастатурата на екран. Можете да го приспособите со промена на подесувањата (Допир **Подесувања** > **Екран** > **Кога уредот се врти** > **Заврти содржина на екран**).

### 2.1.1 Тастатура Android




Внесете текст или броеви.

Префрлете се меѓу режимот „abc/Abc"; Долго притиснете за да се префрлите на режимот „abc/ABC"

Префрлете се во тастатура со симболи и нумеричка тастатура.

Притиснете долго за да изберете симболи.

Притиснете долго за да се прикажат поставките за внесување.

## 2.2 Уредување текст

Можете да ги уредувате текстовите што сте ги внесле.

- Долго притиснете долго или двапати допрете двапати во текстот што сакате да го уредите.
- Повлечете ги картичките за да се смени избраниот текст.
- Ќе се прикажат следниве опции: **ИЗБЕРИ ГИ СИТЕ**, **ОТСЕЧИ**, **КОПИРАЈ** и **СПОДЕЛИ**.




**Исто така, ако сакате, може да вметнете нов текст ако сакате.**

- Допрете на место каде што сакате да пишувате или долго притиснете на празен простор при што курсорот ќе започне да трепка и картичката ќе се прикаже. Влечете ја картичката за движење на курсорот.
- Ако сте отсекле или сте копирале текст, допрете ја картичката за да се прикаже иконата **ЗАЛЕПИ** што ви овозможува да го пресликате текстот што претходно сте го копирале.






# 3 Повик, Дневник на повици и Контакти

## 3.1 Повик

### 3.1.1 Воспоставување повик

За да воспоставите повик, допрете .



Притиснете долго за да пристапите до говорната пошта




Внесете го саканиот број преку тастатурата за бирање и допрете за да го извршите повикот или изберете еден контакт од **КОНТАКТИ** или **ЛИСТА СО ПОВИЦИ** со лизгање или допирање на картички, потоа за да го извршите повик.

Бројот што сте го внеле може да се зачува во **Контакти** со допирање на иконата **Креирај нов контакт** или иконата **Додај во икона на контакт** .

Ако направите грешка, можете да ги избришете неточните цифри со допирање .

За да прекинете повик, допрете .

### Меѓународен повик

За да упатите меѓународен повик, долго притиснете долго 0 за да внесете „+", а потоа, внесете го меѓународниот код за државата проследен со целосниот телефонски број и допрете .



### Итен повик

Ако вашиот телефон има покриеност со мрежа, изберете го бројот за итниот повик и допрете за да воспоставите итен повик. Оваа функција работи дури и без SIM картичка и без внесување на PIN кодот.

## 3.1.2 Одговарање на повик или одбивање повик




Кога примате повик:

- Лизгајте го нагоре за да одговорите;
- Лизгајте го нагоре за да одбиете повик;
- Допрете за да го одбиете повикот со испраќање на однапред дефинирана порака.

За да го исклучите звукот на дојдовните повици, притиснете го **Копчето за зголемување/намалување на јачина на звукот** или превртете го телефонот (кога се активира опцијата **Поставки** > **Гестови** > **Преврти за да се исклучи звукот**).

За да ви биде полесно, вашиот телефон има уникатен двонасочен кориснички интерфејс, со што се овозможува функционалност, вклучувајќи нормален повик, дури и кога телефонот го држите наопаку.

### 3.1.3 Повикување на вашата говорна пошта

Вашата говорна пошта е обезбедена од вашата мрежа за да се избегне пропуштање на повиците. Функционира како телефонска секретарка која можете да ја повикате во секое време.

За да пристапите во говорната пошта, притиснете го долго 1.

Ако примите говорна пошта, на статусната лента ќе се појави . Отворете го панелот за известувања и допрете **Нова говорна пошта**

### 3.1.4 Во тек на повик

За прилагодување на јачината на звукот во текот на повик, притиснете го копчето за **Јачина на звук**.






Тековниот повик се завршува.

Допрете еднаш за да го активирате звучникот во текот на тековниот повик. Допрете ја оваа икона повторно за да го деактивирате звучникот.

Допрете еднаш за стишување на тековниот повик. Допрете ја оваа икона повторно за да го вратите звукот од повикот.

Прикажете го бирачот.

Допрете еднаш за ставање на тековниот повик на чекање. Допрете ја оваа икона повторно за да го вратите повикот.

Додадете повик.

За да се избегне случајно притискање на екранот што е чувствителен на допир во текот на повик, екранот автоматски ќе се заклучи штом ќе го ставите телефонот во близина на вашето уво, а ќе се отклучи штом ќе го оддалечите телефонот од вашето уво.

### 3.1.5 Управување со повеќе повици

Со овој телефон, можете да управувате со повеќе повици истовремено.

#### Префрлање повици

Кога прифаќате два повици, допрете го името или бројот на контакт за да се префрлате меѓу двете линии. Сегашниот повик ќе биде ставен на чекање, а вие ќе може да вклучите во другиот повик.

Конференциски повици [(1)]

Можете да поставите конференциски повик на следниов начин:

- Упатете повик до првиот учесник во конференцискиот повик.
- Допрете за да додадете друг повик.
- Внесете го телефонскиот број на лицето што сакате да го додадете во конференцијата и допрете . Исто така, можете да додавате учесници преку **Дневникот на повици** или **Контактите**.
- Допрете за да ја започнете конференцијата.
- Допрете за да го завршите конференцискиот повик и да ја прекинете врската со сите учесници.

## 3.1.6 Поставки за повици

Допрете од екранот **Повик**, а потоа допрете **Поставки**. Достапни се следниве опции:

### Опции за екран

- **Подредување според:** Допрете за да ја подредите листата според име или презиме
- **Формат со име:** Допрете за да изберете дали прво да се прикаже името или презимето.

### Звуци и вибрации

Допрете за да го нагодите тонот на ѕвонење на дојдовните повици и означете го полето за обележување за да овозможите избирачот да ѕвони или да вибрира при повик.

### Брз одговор

Уредете брзи одговори што ќе се користат кога ќе одбиете повик со порака.

(1) Зависи од вашиот мрежен оператор.



### Повикувачки сметки

- **Намалување бука:** Означете го полето за штиклирање за да ја намалите буката од заднината во тек на повици.
- **Потсетник со вибрација:** Штиклирајте го полето за да ги активирате вибрациите при поврзување на повик.
- **Подесување на повици:** Допрете го името на вашиот оператор во **Повикувачки сметки** за да ги отворите следните подесувања на повик:

- **Говорна пошта**

**Услуга:** Отвора дијалог-рамка во која може да ја изберете услугата за говорна пошта на вашиот оператор или друга услуга.

**Поставување:** Ако ја користите услугата за говорна пошта на вашиот оператор, со ова се отвора дијалог-рамка во која можете да го внесете телефонскиот број што ќе се користи за слушање и управување со вашата говорна пошта. Може да внесете запирка (,) за да вметнете пауза во бројот — на пример, да додадете лозинка по телефонскиот број.

**Звук:** Допрете за да се постави звук кога ќе пристигне нова порака во говорната пошта.

**Вибрации:** Штиклирајте го полето за обележување за да овозможите вибрирање кога ќе се прими нова порака во говорната пошта.

- **Фиксни броеви за избирање**

Фиксни броеви за бирање (FDN) е работен режим на SIM картичката во кој излезните повици се ограничуваат на ограничен број на телефонски броеви. Овие броеви се додаваат во FDN листата. Најчесто практикувана примена на FDN е за родителите да ги ограничуваат телефонските броеви кои нивните деца ќе можат да ги повикуваат. Заради безбедносни причини, ќе бидете запрашани да активирате FDN со внесување SIM PIN2 код кој вообичаено се добива од вашиот оператор или производителот на SIM картичката.

- Пренасочување на повик

Допрете за да извршите конфигурација како да се пренасочуваат повиците кога сте зафатени, кога нема да одговорите или кога сте недостапни.

- Забрана на повик

Допрете за да извршите конфигурација на подесувањата за забрана на повик. Штиклирајте го полето за да активирате забрана на повик за појдовни или дојдовни повици.

-Дополнителни поставки

**Идентификација на повикувач:** Вашиот телефон ќе ги користи стандардните поставки на операторот за прикажување на вашиот број при појдовните повици.

**Повик на чекање:** Штиклирајте го полето за во текот на повик да бидете известувани за нов дојдовен повик.

**Статус на повик на чекање:** Отвора дијалог каде што можете да го проверите статусот на вашиот повик на чекање.

## 3.2 Дневник на повици

Кон вашиот дневник на повици може да пристапите со допирање од **Повик** екран за приказ пропуштени повици, појдовни повици и дојдовни повици.

Допрете еден контакт или број за да прикажете информации или дополнителни операции, за да можете да стартувате нов повик, да пратите SMS кај контактот или бројот, да прикажете детални информации за повикот или да го исчистите повикот.

Допрете **Прикажи целосна историја на повици** за да ги прикажете сите листи на повици. Допрете и **Исчисти историја на повици** за да ја исчистите за да ја исчистите целосната историја на повици.



## 3.3 Контакти

**Контакти** овозможува брз и лесен пристап до контактот што сакате да го добиете.

Може да прикажувате и да креирате контакти на вашиот телефон и да ги синхронизирате со вашите контакти од Gmail или од други апликации на интернет или на вашиот телефон.

### 3.3.1 Отворање на вашите Контакти

За да ги видите вашите контакти, допрете од списокот со апликации.



### Бришење на контакт

Притиснете го долго контактот што сакате да го избришете сѐ додека на местото на сликата на контактот не се појави ✓, потоа, допрете ⋮ и изберете **Избриши**.

Контактот што ќе го избришете ќе биде отстранет и од другите апликации на телефонот или на интернет кога следниот пат ќе го синхронизирате вашиот телефон.

Допрете ⋮ за да се прикаже менито со опции за листата со контакти, на кое се гледаат следните дејства:

- **Контакти што ќе бидат прикажани** — Изберете контакти за приказ.
- **Импортирање/Експортирање** — Импортирајте или експортирајте контакти меѓу телефонот, SIM-картичката, microSD-картичката и меморијата на телефонот итн.
- **Групи** — Прикажувајте или креирајте групи на контакти.
- **Сметки** — Управувајте со поставките за синхронизација за различни сметки.
- **Поставки** — Допрете за да го смените приказот на листата за подредување и имињата на контактите.
- **Блокирање на број** — Допрете за да се прикажат вашите блокирани контакти. Исто така, можете и да ги деблокирате.

## 3.3.2 Додавање контакт

Допрете во листата со контакти за да креирате нов контакт.



Од вас се бара да го внесете името на контактот и други информации за контактот. Лизгајте нагоре и надолу по екранот за да се движите од едно на друго поле.




Кога сте готови, допрете ✓ за зачувување.

### Додај во/Отстрани од Омилени (1)

За да додадете контакт во омилените, може да го допрете контактот за да се прикажат деталите за контактот, а потоа, допрете ☆ за да го додадете контактот во омилените.

За да отстраните контакт од омилените, допрете ја ѕвездичката ★ на приказот со детали за контактот.

## 3.3.3 Уредување на вашите Контакти

За да уредите информации на контакт, допрете во приказот со детали за контактот.

Кога сте готови, допрете ✓ за зачувување.

(1) Во Омилени може да се додадат само контакти од телефонот.

### Сменете стандарден телефонски број за контакт

Може да поставите стандарден телефонски број за контакт со повеќе од еден број.

Стандардниот телефонски број (бројот кој има приоритет при упатување повик или испраќање порака) секогаш ќе се прикажува под името на контактот.

За да го смените стандардниот телефонски број, долго притиснете на саканиот број и изберете **Постави како стандарден**. Тогаш пред бројот ќе се појави .

## 3.3.4 Користење Quick contact за Android

Допрете еден контакт за да ја отворите Quick contact за Android. Потоа, можете да допрете на  или на бројот за да извршите повик. За да испратите порака, допрете .




Иконите достапни на панелот на Quick contact зависат од информациите кои ги имате за контактот и од апликациите и сметките на вашиот телефон.



## 3.3.5 Импортирање, експортирање и споделување контакти

Овој телефон ви овозможува да импортирате или да експортирате контакти меѓу вашиот телефон, SIM-картичката и меморијата на телефонот.

Од екранот со Контакти, допрете  за да го отворите менито со опции. Допрете **Увези/Извези**, потоа изберете за да увезете/извезете контакти од/во вашите сметки, SIM-картичка, Телефон, внатрешна меморија, micro SD-картичка итн.

Можете да споделите еден или повеќе контакти со другите преку праќање на vCard од контактот преку Bluetooth, Gmail итн.

Допрете го контактот што сакате да го споделите, допрете  и **Сподели** од приказот на детали за контакти. Изберете го бројот што сакате да го споделите  и потоа изберете ја апликацијата за да го извршите ова дејство.

## 3.3.6 Прикажување на контактите

Можете да конфигурирате која листа со контакти, за секоја сметка, сакате да се прикажува во Листата со контакти. Допрете  и потоа допрете **Контакти кои ќе бидат прикажани** од екранот на листата со контакти, а потоа, можете да изберете кои контакти да се прикажуваат.

Допрете  и **Подесувања** за да го сортирате списокот со допирање на **Име** или **Презиме,** како и да ги прикажете имињата на контакти со допирање на **Прво име или прво презиме**.

### 3.3.7 Спојување/Одвојување контакти [(1)]

За да се избегне дуплирање, со само едно дејство може да додадете информации за секој нов контакт на постојните контакти.

Допрете го контактот во кој сакате да додадете информации, допрете за да влезете во приказот за уредување контакт, потоа повторно допрете и изберете **Спој**.

Потоа, треба да го изберете контактот чии информации сакате да ги споите со првиот контакт. Информациите од вториот контакт ќе бидат додадени кон првиот контакт, а вториот контакт веќе нема да се прикажува во листата со контакти.

За да одвоите информации за контакт, допрете го контактот чии информации сакате да ги одвоите, допрете за да влезете во приказот за уредување контакт, потоа допрете повторно на и допрете **Одвој**. Допрете **OK** за да потврдите.

### 3.3.8 Синхронизирање контакти во повеќе сметки

Контактите, податоците или други информации може да се синхронизираат од повеќе сметки во зависност од апликациите кои се инсталирани на вашиот телефон.

За да додадете смета од списокот со контакти и допрете **Сметки** > **Додај сметка**, или од Почетниот екран допрете , потоа **Подесувања** > **Сметки** > **Додај сметка**.

Ќе биде побарано да го изберете видот на сметката што ја додавате, како што се, на пример, Google, Corporate итн.

Како и кај поставувањето други сметки, треба да внесете детални информации, како корисничко име, лозинка итн.

(1) Важи само за контакти од телефонот.



Можете да отстраните сметка и сите поврзани информации од телефонот. Допрете ја сметката што сакате да ја избришете > Допрете > Изберете **Отстрани сметка** > Потврдете.

**Автоматска синхронизација**

На приказот **Сметки**, допрете и штиклирајте го полето **Автоматска синхронизација на податоци**. Кога е активирано, сите промени во информациите на телефонот или онлајн автоматски ќе бидат синхронизирани едни со други.

# 4 Пораки и е-пошта ..................

## 4.1 Пораки ..........................................................

Може да креирате, уредувате и да добивате SMS и MMS со овој телефон.

За да испратите порака допрете .

### 4.1.1 Напишете нова порака

На приказот на листата со пораки, допрете за да напишете нова текстуална/мултимедијална порака.




#### Праќање текстуална порака

За да додадете приматели, внесете го името или телефонскиот број на примателот во лентата **За**. Допрете ја лентата **Вид текстуална порака** за да внесете текст на порака. Кога ќе завршите, допрете за да ја пратите текстуалната порака.



SMS порака со повеќе од 160 знаци ќе биде наплатена како повеќе SMS пораки. Од десната страна на полето за порака се наоѓа бројач што ве потсетува колку знаци е дозволено да се внесат во една порака.

Исто така, специфичните букви (акцентирани) ќе ја зголемат големината на SMS-пораката. Тоа може да предизвика кај вашиот примател да се испратат повеќе SMS-пораки.

#### Праќање мултимедијална порака

MMS ви овозможува да праќате видео-записи, слики, фотографии, анимации, слајдови и звуци на други компатибилни мобилни уреди и адреси на е-пошта.

SMS ќе се конвертира во MMS автоматски кога ќе се прикачат медиумски датотеки (слика, видео-запис, аудио-запис, слајдови итн.) или ќе се додадат наслов или адреси на е-пошта.

За да пратите мултимедијална порака, внесете го телефонскиот број на примателот во лентата **За**. Допрете ја лентата **Вид текстуална порака** за да внесете текст на порака.

Допрете за да прикачите фотографија, слика, аудио-запис, локација итн.

Кога ќе завршите, допрете за да ја пратите мултимедијалната порака.

### 4.1.2 Управување со пораки

Кога ќе дојде нова порака, на статусната лента ќе се прикаже како известување. Влечете ја статусната лента надолу за да го отворите панелот со известувања, допрете ја новата порака за да ја отворите и прочитате. Исто така, може да пристапите до апликацијата Пораки и да ја допрете пораката за да ја отворите.

Пораките се прикажуваат како разговор.

Допрете порака за да влезете во приказот за пишување порака:

- Допрете за да го повикате бројот;
- Допрете и потоа **Додај во Контакти** за да го зачувате бројот во контакти; или допрете за да ги прикажете деталите на контакт ако бројот веќе се зачувал;
- За да одговорите на порака, внесете го текстот. Кога ќе завршите, допрете .
- Ако притиснете долго на порака, следните опции ќе станат достапни: копирај текст , препрати , избриши , избери ги сите , мени со други опции итн.

### 4.1.3 Приспособување на подесувањата за пораки

На приказот на листата со пораки, допрете и изберете **Поставки**.

**Активиран SMS**

Отворете го дијалогот со опции за да ја смените вашата стандардна апликација за SMS.

**Текстуална порака (SMS)**

- **Барање за извештај за достава** Штиклирајте го полето за да добивате извештај за достава за секоја текстуална порака што ја праќате.
- **Управување со пораки на SIM картичката** Допрете за да управувате со текстуалните пораки што се складирани на вашата SIM картичка.
- **Уредување брз текст** Допрете за додавање или уредување обрасци на пораки.



- **Центар за SMS услуги** Се отвора прозорче во кое е прикажан бројот на центарот за услуги.
- **Период на важност** Изберете период на важност за време на кој мрежниот оператор ќе продолжи да ја препраќа пораката ако не може веднаш да се достави.
- **Локација за меморирање SMS пораки** Изберете го вашиот телефон или SIM картичка како локација за меморирање SMS пораки.
- **Управување со азбука** Изберете режим на азбука.

**Мултимедијални пораки (MMS)**

- **Групни пораки** Кога е активирано, можете да пратите една порака на повеќе приматели.
- **Барање за извештај за достава** Ќе се побара извештај за достава за секоја мултимедијална порака што ја праќате.
- **Барање за извештај за прочитаност** Ќе се побара извештај за тоа дали секој примател ја прочитал мултимедијална порака што се им ја пратиле.
- **Испраќање извештај за прочитаност** Автоматски ќе испрати извештај за прочитаност до испраќачот ако тој/таа побарале таков извештај.
- **Автоматско преземање** Автоматски ќе ја преземе целата MMS порака (вклучувајќи ги текстот и прилогот) на вашиот телефон. За да го преземете само заглавјето на MMS пораката, отштиклирајте го полето.

- **Автоматско преземање во роаминг** Штиклирајте го полето за да овозможите автоматско преземање кога сте во роаминг.
- **Режим на креирање** Изберете режим на креирање.
- **Граница за големина** Допрете за да ја промените максималната граница за должина на пораката.
- **Приоритет** За поставување на приоритетот.

Известувања

- **Известувања за пораки** Ќе прикаже известувања за пораки во статусната лента.
- **Исклучи звук** Изберете времетраење за исклучување на звукот на вашиот телефон кога има нова порака или повторно вклучување на звукот со штиклирање на полето **ИСКЛУЧИ**.
- **Звук** Изберете мелодија на ѕвонење како тон за известување за нови пораки.
- **Истакнато известување** Ќе прикаже истакнат прозорец за „push“ известувања ако е активирано.

Општо

- **Големина на букви во порака** Изберете големина на буквите во пораките.



- **Избриши стари пораки** Ќе се избришат старите пораки кога ќе се достигне максималниот број пораки во меморијата. За да ја активирате оваа функција, штиклирајте го полето.
- **Граница за должина на текстуалната порака** Допрете за поставување на бројот на текстуални пораки што ќе се зачувуваат за секој разговор.
- **Граница за должина на мултимедијалната порака** Допрете за поставување на бројот на мултимедијални пораки што ќе се зачувуваат за секој разговор.
- **Активирај мелодија на ѕвонење за CB** Штиклирајте го/отштиклирајте го полето за да активирате/деактивирате мелодија за ѕвонење за целуларен пренос.
- **Избери мелодија на ѕвонење за CB** Изберете мелодија на ѕвонење за целуларен пренос.
- **Целуларен пренос** За активирање или деактивирање услуга за целуларен пренос или за избор на јазик и канал за преносот.
- **Активирајт WAP PUSH** Штиклирајте го/отштиклирајте го полето за да активирате/деактивирате „push“ пораки од мрежата.

## 4.2 Е-пошта.....................................................

Кога ќе го подесувате вашиот телефон првпат, можете да изберете да користите постоечка сметка на е-пошта или да создадете нова сметка.

Исто така, во вашиот телефон може да поставите надворешни сметки на е-пошта POP3 или IMAP во вашиот телефон.

За поставување на вашата сметка на е-пошта, допрете од Почетниот екран, потоа изберете **Е-пошта**.

Волшебникот за поставување на е-пошта ќе ве води низ чекорите за поставување на сметка за е-пошта.

- Внесете ја адресата на е-пошта на сметката што сакате да ја поставите.
- Допрете **СЛЕДНО**. Ако сметката што сте ја внеле не е дадена од вашиот сервис-провајдер на телефонот, од вас ќе се побара да одите на екранот со поставки на сметки на е-пошта и рачно да ги внесете поставките. Исто така, можете да допрете **РАЧНО ПОСТАВУВАЊЕ** за да ги внесете директно дојдовните и појдовните подесувања на сметката за е-пошта што ја поставувате.
- Внесете ја лозинката.
- Завршете со поставувањето на сметката подесување на зачестеност на синхронизација, известувања итн.
- Уредете го името на сметка ако е потребно.

За да додадете нова сметка на е-пошта, можете да ја допрете иконата и потоа **Подесувања**. Допрете **Додај сметка** за да создадете.

### За креирање и праќање е-пораки

- Допрете ја иконата од приказот Влезно сандаче.
- Внесете ја/ги адресата/ите на е-пошта на примателот/примателите во полето **До**.
- Ако е потребно, допрете ја иконата од менито **Додај Cc/Bcc** за да додадете копија или сокриена копија од пораката.
- Внесете ги насловот и содржината на пораката.
- Допрете за да додадете прилог.



- На крај, допрете за да ја пратите.
- Ако не сакате веднаш да ја испратите е-пораката, можете да ја допрете иконата и потоа да изберете **Зачувај нацрт** или допрете го копчето **Назад** за да зачувате копија. За да го видите нацртот, допрете за да ги прикажете сите ознаки, а потоа, изберете **Нацрти**.
- Ако не сакате ниту да го пратите ниту да ја зачувате е-пораката, можете да ја допрете иконата и потоа да допрете **Откажи**.

За да додадете потпис на е-пораките, допрете ја иконата од приказот Влезно сандаче и потоа допрете **Поставки**, изберете сметка, а потоа, допрете **Потпис**.

# 5 Календар, Часовник и Калкулатор..............................

## 5.1 Календар ..........................................................

Може да го користите **Календарот** за да водите евиденција за важни состаноци, договори итн.

За приказ на календарот и креирање на настани, допрете од Почетниот екран, а потоа допрете **Календар**.

### 5.1.1 Повеќережимски приказ

Можете да го прикажете Календарот според **Распоред, Ден, 3 дена, Седмица,** или **Месец.**




### 5.1.2 За креирање нови настани

Можете да додавате нови настани од кој било приказ на Календарот.

- Допрете .
- Пополнете ги сите задолжителни информации за овој нов настан. Доколку се работи за целодневен настан, можете да изберете **Целодневен.**
- Поканете луѓе на настанот. Внесете ја адресата на е-пошта на гостите што сакате да ги поканите со запирка за да ги одвоите. Гостите ќе примат покана од Календарот и од Е-пошта.
- Кога сте готови, допрете **ЗАЧУВАЈ** на врвот од екранот.

За да создадете брgу настан од приказите Седмица, допрете една празна точка за да изберете целна област која потоа ќе премине во , потоа допрете ја **иконата** за да создадете нов настан.

Пред да може да додадете настан, мора да додадете најмалку една сметка за Календар и да го направите календарот видлив.

### 5.1.3 За бришење или уредување настан

За да избришете или уредите еден настан, допрете го настанот за да ги внесете неговите детали во приказот, допрете за да го уредите настанот или допрете **Избриши** за да избришете.

### 5.1.4 Потсетник за настан

Ако се постави потсетник за настан, иконата за нареден настан ќе се појави на статусната лента како известување кога ќе дојде времето на потсетникот.

Допрете ја и повлечете ја статусната лента надолу за да го отворите панелот со известувања, допрете име на настан за да ја видите листата со известувања од календарот.

Допрете го копчето **Назад** за да ги задржите потсетниците на чекање во статусната лента и панелот со известувања.

## 5.2 Часовник ........................................................

Вашиот мобилен телефон има вграден часовник.

За да го видите моментното време, допрете од Почетен екран, а потоа допрете**Часовник**.

### 5.2.1 Светски часовник

За да го видите светскиот часовник, допрете на приказот Време.

Допрете за да додадете временска зона.

### 5.2.2 Аларм

Од приказот Време допрете за да влезете во приказот **Аларм**.

Вклучете за да го активирате алармот.

Допрете за да додадете нов аларм, ќе се појават следниве опции:

- **Време** Допрете за да го поставите времето на алармот.
- **Повтори** Допрете за да ги изберете деновите кога сакате алармот да работи.
- **Мелодија на sвонење** Допрете за да изберете тон на sвонење на алармот.
- **Вибрации** Изберете за да активирате вибрација.
- **Ознака** Допрете да поставите име за алармот.

Допрете го моментно постојниот аларм за да внесете приказ за уредување на алармот.



Допрете и потоа за да го избришете избраниот аларм.

### 5.2.3 Одбројувач

Од приказот Време допрете за да влезете во приказот **Одбројувач**.

- Внесете време. Времето треба да биде впишано според редоследот секунда, минута и час.
- Допрете за да активирате одбројување.
- Допрете за да го поставите времето на одбројување на панелот.
- Допрете за да деактивирате одбројување.
- Допрете за да ја избришете ознаката на моментното одбројување.

### 5.2.4 Тајмер

Од приказот Време допрете за да влезете во приказот **Тајмер**.

- Допрете за да го стартувате тајмерот.
- Допрете за да се прикаже листа на рекорди според ажурирано време.
- Допрете за да ги запрете вкупното време и времето на круг. Тие ќе почнат дури откако ќе се допре .
- Допрете за да го избришете записот.
- Допрете за да споделите.

### 5.2.5 Приспособување на поставките на часовникот

Допрете ⋮ и потоа **Подесувања** за да ги приспособите следните опции:

**Часовник**

- **Стил** Допрете за да го подесите стилот на часовник во аналоген или дигитален.
- **Автоматски матичен часовник** Штиклирајте го полето за да ја вклучите функцијата кога патувате во област со различна временска зона, за да додадете часовник за дома.
- **Матична временска зона** Допрете за да ја поставите матичната временска зона.

**Аларми**

- **Стиши по** Допрете за да поставите привремено исклучување на времето за аларм.
- **Времетраење на дремка** Допрете за да го поставите времетраењето на алармите.
- **Јачина на аларм** Допрете за да ја поставите јачината на звукот на алармот.
- **Копчиња за јачина на звук** Допрете за да поставите однесувања страна за копчето **Зголемување/Намалување на јачината на звук** кога алармот се огласува: **Ниеден**, **Дремка** или **Отфрли**.
- **Седмицата започнува во** Допрете за да изберете на кој ден почнува седмицата.



## 5.3 Калкулатор ..........................................................

За употреба на калкулаторот допрете од Почетниот екран, потоа допретеКалкулатор.

Достапни се два панели: Основен панел и Напреден панел.

За префрлање помеѓу панелите, изберете еден од двата начина:

- Фатете го основниот калкулатор и држејќи го, брзо поминете налево за да го отворите научниот калкулатор.

Или свртете го уредот во легната положба од основниот панел за да се отвори научниот калкулатор. Оваа опција е достапна само ако е вклучено **Поставки** > **Екран** > **Кога уредот се врти** > **Врти ја содржината на екранот**.






Внесете број и аритметичка операција што да ја извршите, внесете го вториот број, а потоа, допрете „=" за да се прикаже резултатот. Допрете за бришење цифри една по една, притиснете долго на за да ги избришете сите наеднаш.

# 6 Поврзување ..............................

За поврзување на интернет со овој телефон може да ги користите мрежите GPRS/EDGE/3G/4G или Wi-Fi, која било што е најсоодветна.

## 6.1 Поврзување на интернет

### 6.1.1 GPRS/EDGE/3G/4G

Првиот пат кога ќе го вклучите вашиот телефон со вметната SIM-картичка, тој автоматски ќе ја конфигурира вашата мобилна мрежна услуга: GPRS, EDGE , 3G или 4G.

Ако мрежата не е поврзана, можете да ги вклучите мобилните податоци во **Подесувања** > **Користење на податоци.**

За да ја проверите мрежната врска што ја користите, допрете **Подесувања** > **Повеќе** > **Мобилни мрежи** > **Имиња на пристапни точки** или **Мрежни оператори**.

**За креирање нова точка на пристап**

На вашиот телефон може да се додаде нова мрежна врска GPRS/EDGE/3G/4G според следниве чекори:

- Допрете **Поставки** > **Повеќе** >**Мобилни мрежи** > **Имиња на пристапни точки**.
- Допрете ⋮ > **Нова APN** за да ги внесете бараните информации за APN.
- Кога сте готови, допрете ⋮ и допрете **Зачувај**.

**За активирање роаминг за податоци**

- Допрете**Поставки**>**Повеќе**>**Мобилни мрежи**.
- Допрете**Роаминг на податоци**и изберете Режими на роаминг: **Деактивирај**, **Само за национален роаминг**, **Сите мрежи**.
- Кога е деактивиран роаминг за податоци, можете да продолжите да вршите размена на податоци преку Wi-Fi-врска (погледнете во „**7.1.2 Wi-Fi**“).

**За да поставите режим на претпочитувана мрежа**

- Допрете **Поставки** > **Повеќе** >**Мобилни мрежи** > **Претпочитан тип мрежа**.

### 6.1.2 Wi-Fi

Може да се поврзете на интернет кога вашиот телефон е во опсегот на безжична мрежа. Wi-Fi може да се користи на вашиот телефон дури и без да е вметната SIM картичка.

**За вклучување на Wi-Fi и поврзување со безжична мрежа**

- Допрете**Поставки**> **Wi-Fi**.
- Вклучете .
- Откако ќе се вклучи Wi-Fi, се наведуваат откриените мрежи Wi-Fi.
- Допрете мрежа Wi-Fi за да се поврзете на неа. Ако избраната мрежа е обезбедена, ќе треба да внесете лозинка или други акредитиви (за повеќе информации може да стапите во контакт со мрежниот оператор). Кога ќе завршите, допрете **ПОВРЗИ**.

**За активирање известување кога ќе се открие нова мрежа**

Кога е вклучена Wi-Fi и е активирано известувањето за мрежа, иконата Wi-Fi ќе се прикаже на статусната лента секогаш кога телефонот ќе открие достапна безжична мрежа во рамки на опсегот. Направете ги следниве чекори за да ја активирате функцијата за известување кога Wi-Fi е вклучена:

- Допрете**Поставки**>**Wi-Fi**.

• Допрете ⋮ ,а потоа**Напредни**.
• Вклучете покрај **Мрежно известување**.

### За додавање Wi-Fi мрежа

Кога е вклучена Wi-Fi, можете да додавате нови Wi-Fi мрежи во согласност со вашите потреби.

• Допрете**Поставки**>**Wi-Fi**. .
• Допрете ⋮ а потоа, **Додај мрежа**.
• Внесете ги името на мрежата и сите други потребни информации за мрежата.
• Допрете **ЗАЧУВАЈ**.

### За заборавање Wi-Fi мрежа

Со следниве чекори се спречува автоматско поврзување на мрежи кои веќе не сакате да ги користите.

• Вклучете Wi-Fi ако веќе не е вклучена.
• На приказот Wi-Fi допрете го името од зачуваната мрежа.
• Допрете **ЗАБОРАВИ** во дијалогот што ќе се отвори.

## 6.2 Поврзување со уредот Bluetooth (1)

Bluetooth е технологија за безжична комуникација на кратки растојанија која можете да ја користите за размена на податоци или за поврзување на други Bluetooth уреди за различни намени.

За да вклучите Bluetooth, допрете **Поставки** > **Bluetooth**. Вашиот телефон и другите достапни уреди ќе се прикажат на екранот.

(1) Се препорачува да користите слушалки ALCATEL Bluetooth, кои се тестирани и докажано компатибилни со вашиот телефон. Може да одите на www.alcatel-mobile.comf за повеќе информации за слушалките ALCATEL Bluetooth.



### За вклучување на Bluetooth

• Допрете **Поставки > Bluetooth**.
• Преклопете го преклопникот за да ја активирате оваа функција.

За да го направите вашиот телефон попрепознатлив, може да го смените името на вашиот телефон што е видливо за другите.

• Допрете**Поставки**> **Bluetooth**.
• Допрете ⋮ и **Преименувај го овој уред**.
• Внесете име и допрете **ПРЕИМЕНУВАЈ**за да потврдите.

### За спојување/поврзување на вашиот телефон со Bluetooth уред

За размена на податоци со друг уред, треба да го вклучите Bluetooth и да го споите вашиот телефон со Bluetooth уредот со кој сакате да разменувате податоци.

• Допрете**Поставки**> **Bluetooth**.
• Допрете ⋮ и **Освежи**.
• Допрете го уредот Bluetooth со кој сакате да го споите вашиот телефон од листата.
• Во дијалогот што ќе се отвори допрете **СПОЈ** за да потврдите.
• Ако спојувањето е успешно, вашиот телефон ќе се поврзе со уредот.

### За исклучување/прекинување на врската со Bluetooth уред

• Допрете покрај уредот со кој сакате да ја прекинете врската.
• Допрете **ЗАБОРАВИ** за да потврдите.

## 6.3 Поврзување со компјутер преку USB

Со помош на USB-кабелот може да пренесувате медиумски и други датотеки меѓу вашиот телефон и компјутерот.

**За поврзување на вашиот телефон на компјутер**

Употребете го USB-кабелот што доаѓа со вашиот телефон за да го поврзете телефонот со отворот за USB на вашиот компјутер. Ќе добиете известување од **USB за трансфер на датотека.**

Кога првпат ќе го поврзете телефонот преку USB, се појавува поле за дијалог за отстранување грешки, допрете**OK**за да овозможите размена на податоци меѓу вашиот телефон и компјутерот, во спротивно може да користите USB само за полнење.

Допрете **USB за пренос на датотека**, изберете го начинот на сакате да пренесувате датотеки. Стандардно, се избира **Преноси на датотека**.

Пред да користите MTP, проверете дали сте инсталирале драјвер (Windows Media Player 11 или понова верзија.

## 6.4 Споделување на мобилната податочна врска на вашиот телефон

Може да ја споделите мобилната врска на податоците на вашиот телефон со компјутер преку USB-кабел (ограничен USB-опсег) или со максимум осум уреди истовремено со претворање на вашиот телефон во мобилен Wi-Fi-хотспот или преку Bluetooth.

Функциите подолу може да предизвикаат дополнителни трошоци за мрежата од вашиот мрежен оператор. Дополнителните трошоци може, исто така, да бидат наплатени и во области каде сте во роаминг.

**За споделување на податочната врска од вашиот телефон преку USB**

Употребете го USB-кабелот што го добивате со вашиот телефон за да го поврзете телефонот со отворот за USB на вашиот компјутер.

- Допрете **Поставки** >**Повеќе**> **Ограничен опсег и мобилен хотспот**.
- Вклучете покрај **ограничен USB-опсег** за да ја активирате оваа функција.

**За споделување на податочната врска на вашиот телефон како мобилен Wi-Fi хотспот**

- Допрете **Поставки** >**Повеќе**> **Ограничен опсег и мобилен хотспот**.
- Вклучете од **Wi-Fi хотспотот** за да ја активирате од функција.

**За споделување на податочната врска од вашиот телефон преку Bluetooth**

- Отидете во **Поставки > Повеќе > Ограничен опсег и мобилен хотспот**.
- Вклучете по **Ограничен опсег на Bluetooth** за да се активира оваа функција.

**За преименување или обезбедување на вашиот мобилен хотспот**

Кога е активиран мобилниот Wi-Fi-хотспот, може да го смените името на мрежата Wi-Fi од вашиот телефон (SSID) и да ја обезбедите неговата мрежа Wi-Fi.

- Допрете **Поставки** > **Повеќе** > **Ограничен опсег и преносен хотспот > Wi-Fi хотспот**.
- Допрете **Постави Wi-Fi-хотспот** за да го смените името на мрежата SSID или да поставите обезбедување на вашата мрежа.
- Допрете **ЗАЧУВАЈ**.

## 6.5 Поврзување со виртуелни приватни мрежи

Виртуелните приватни мрежи (VPN) ви овозможуваат да се поврзите со ресурсите внатре во обезбеден локална мрежа однадвор од мрежата. VPN мрежите се најчесто употребувани од страна на корпорации, училишта и други институции за нивните корисници да можат да пристапуваат до ресурси од локалната мрежа кога се надвор од мрежата или кога се поврзани на безжична мрежа.

### За додавање VPN

- Допрете **Поставки** > **Повеќе** > **VPN** и потоа допрете +..
- На приказот што ќе се отвори следете ги упатствата од вашиот мрежен администратор за да ја конфигурирате секоја компонента од поставувањата за VPN.
- Допрете **ЗАЧУВАЈ**.

VPN ќе биде додадена во листата на приказот за поставки за VPN.

Пред да додадете VPN, треба да поставите PIN-код или лозинка за вашиот телефон.

### За поврзување/прекинување на врската со VPN

За поврзување со VPN:

- Допрете **Поставки** > **Повеќе** > **VPN**.
- Се прикажуваат мрежите VPN што сте ги додале. Допрете ја VPN со која сакате да се поврзете.
- Во дијалогот што ќе се отвори внесете ги бараните акредитиви и допрете **ПОВРЗИ**.

За исклучување од VPN:

- Допрете ја VPN од којашто сакате да се исклучите. Во рамката за дијалог што ќе се појави, допрете **ИСКЛУЧИ**.



### За уредување/бришење VPN

За уредување VPN:

- Допрете **Поставки** > **Повеќе** > **VPN**.
- Се прикажуваат мрежите VPN што сте ги додале. Притиснете долго на VPN што сакате да ја уредите.
- Изберете **Уреди профил** во дијалогот што ќе се отвори.
- По уредувањето допрете **ЗАЧУВАЈ**.

За бришење на VPN

- Притиснете долго на VPN мрежата што сакате да ја избришете и потоа допрете **Избриши профил**.

## 6.6 Поврзување со уреди преку NFC [1]

NFC, кратенка за Near Field Communication, е безжична комуникациска технологија со висока фреквенција и краток дострел, која овозможува размена на податоци меѓу уреди на оддалеченост од околу 10 сантиметри (околу 4 инчи).

Уредите NFC може да се користат во безброј системи за плаќање, слично на оние што во моментов се користат кај кредитните картички и електронските билети – смарт-картички, и овозможуваат мобилно плаќање за изменување или дополнување на овие системи. Исто така, NFC може да се користи во ситуации на социјално вмрежување, како што е споделување на контакти, фотографии, видеа или датотеки, и внесување мобилни игри со повеќе играчи.

За активирање на функцијата NFC:

- Допрете **Подесувања > Повеќе > NFC**.
- Вклучете . Или повлечете го панелот за известување надолу и допрете ја иконата на NFC за да го вклучите.

(1) Само за 5046Y.

# 7 Мултимедијални апликации

## 7.1 Камера.......................................................................

Вашиот мобилен телефон е опремен со камера и камера за снимање фотографии и видео-записи.

Пред да ја употребите камерата или камерата за снимање, проверете дали е изваден заштитниот капак за леќата за да избегнете влијание врз квалитетот на вашите слики.

За да снимите фотографија или видео, допрете од Почетниот екран, а потоа допрете **Камера**.



**Режим на блиц**
Ако е неопходно, вклучете го блицот што можете да го користите во преден или заден режим.

Отвори поставки

Допрете го екранот за да поставите фокус

Штипнете/Раширете два прста за зумирање/одзумирање

Приказ на фотографиите или на видеозаписите што сте ги направиле

Фотографирајте




Лизгајте налево или надесно за да го измените режимот на камера во Панорама, маска за лице, Фотографија, Видео-запис итн.

Префрлете се помеѓу предната/задната камера

**Копче за филтер**
Допрете за да го прегледате визирот со применет филтер во живо. Допрете кој било филтер за да го примените и вратете се во претходниот екран.

**За фотографирање**

Екранот ја има функцијата на визир. Прво, поставете го објектот или пејзажот во визирот, допрете го екранот за да фокусирате ако е потребно и допрете за да фотографирате со што фотографијата автоматски ќе се зачува. Исто така, може долго да притиснете на за да направите рафално снимање.

**За снимање видео-запис**

Лизгајте налево за да го смените режимот на камера во видео-запис и потоа допрете за да почнете да снимате видео-запис. Исто така, можете да допрете на за да направите фотографија во текот на снимањето видео-запис.

Допрете за да го запрете снимањето. Видео-записот ќе биде автоматски зачуван.

**Натамошни операции кога прикажувате слика/видеозапис што сте го снимиле**

- Лизгајте кон лево или кон десно за преглед на фотографиите или на видеозаписите што сте ги снимиле.
- Допрете , а потоа Gmail, Bluetooth, MMS итн. за да споделите фотографија или видеозапис.
- Допрете за да се вратите на**Камера**.



### 7.1.1 Режими и поставки

Поминете со прстот хоризонтално или допрете на името на режим за да се префрлате меѓу режими.

- **Панорама** Допрете за вклучување на функцијата панорама. Допрете го копчето за блендата за да почнете фотографирање на панорамска фотографија и движете го телефонот во насока за снимање и на преклопување на двете линии. Откако ќе се пополнат отворите, фотографијата автоматски ќе биде зачувана. Ако отворите не се целосно пополнети, повторно допрете го копчето на блендата за да ја зачувате фотографијата.
- **Маска за лице** Применете смешни маски кога сликате фотографија или снимате видео-запис.
- **Фотографија** Стандардниот режим за **Камера** е фотографија.
- **Видео** Снимете видео-запис со **Камера**
- **Инстант-колаж** Инстант-колаж му дозволува на корисникот да прави инстант-колаж со помош на избор од претходно дефинирани распореди на приказ.

Поставки

Фотографија

Допрете за да исклучите или вклучите **Нула задоцнување на бленда, Насмеано лице,** и **Убаво лице** кога сликате фотографија.

- **Убаво лице** Убаво лице ви овозможува да примените филтер за кожа на лицето. Иконата за убавина го прикажува се прикажува само во режим на предна камера и кога е вклучена поставката Убаво лице (стандардно активирана). Стандардната вредност кога иконата Убаво лице е активирана е 50%.



Лизгајте налево или надесно за да ги измените вредностите на филтрирање.

- **Големина на слика** Допрете за да ја изберете големината на сликата.

Видео

- **Квалитет на видео** Допрете за да изберете квалитет за снимање видеозапис.
- **Стабилизирање на видеото (EIS)** Вклучете за да ја активирате функцијата за стабилизација на електронска слика (EIS). Таа помага во намалување на заматувањето предизвикано од движењето на камерата во текот на експозицијата.



- **Интервал за прескокнување време** Изберете интервал за прескокнување време или исклучете го.

Општо

- **Мрежа** Вклучете за да активирате приказ на мрежа. Го дели екранот на два еднакви дела и ви помага во подобрување на фотографирањето олеснувајќи го порамнувањето на композициските елементи, како на пример, хоризонтот или зградите, со линиите во мрежата.
- **Звук на блендата** Вклучете за да го вклучите звукот на бленда кога сликате фотографија.
- **Зачувајте информации за локацијата** Вклучете за да ја активирате функцијата за прикажување фотографии и видео-записи со вашата локација. Оваа опција е достапна кога се вклучени услугите за GPS локација и безжична мрежа.
- **Заштита од трепкање** Отворете дијалог-рамка за да ја поставите заштитата од трепкање на **Автоматски, ИСКЛУЧЕНА, 50HZ.** или **60HZ**.
- **Функција на копчето за јачина на звукот** Поставете ја функцијата на физичките копчиња за јачина на звук во Камера:

  **Снимање** (стандардно) или **Измени јачина на звук**.

- **Медиумска меморија** Допрете за да изберете интерно меморирање или SD-картичка за зачувување на фотографии.
- **Обнови стандардни поставки** Допрете и потврдете за да ги ресетирате поставките на камерата.

## 7.2 Галерија..........................................................

Галеријата работи како плеер за медиуми за прегледување фотографии и емитување видео-записи. Покрај тоа, за ваш избор е достапна серија дополнителни операции за слики и видео-записи.

За приказ на фотографиите што сте ги снимиле, допрете од Почетниот екран, а потоа допрете **Галерија**.




Отворете **Камера**.

Изберете фотографии за понатамошна обработка.

### За прикажување слика/емитување видео-запис

Сликите и видео-записите се прикажуваат според албуми во **Галеријата**.






Сите селфи слики ќе се зачуваат во одделен албум **Селфи слики**.

- Допрете албум. Сите слики или видео-записи ќе се распоредат на екранот.
- Допрете ја сликата/видео-записот за да ја прикажете или за да ја емитувате.
- Лизгајте налево/надесно за да прикажете претходни или следни слики/видео-записи.

### Работа со слики

Можете да работите со слики и да ги ротирате или отсекувате, да ги споделувате со пријателите, да ги поставувате како слики за контакт или заднини итн.

Најдете ја сликата со која сакате да работите и допрете ја сликата во приказ на цел екран. Допрете за да ја споделите сликата или за да ја уредите сликата. Допрете и изберете **Постави како...** за да ја поставите сликата како слика за контакт или слика за заднина.




Поставете ефекти како што се **Извлекување, Ретро, Црно/бело, Изблeдување** итн.

Додајте граница.

**Отсечи, Израмни, Ротирај, Рефлектирај** или **Цртај** се функции што може да ги извршувате со сликата.

Прилагодете ја бојата на сликата.

### Операција во серии

Галеријата овозможува функција со можност за повеќекратен избор со која можете да работите со слики/видео-записи во серии.

На приказот **Моменти** или **Албуми**, допрете ⋮ и допрете **Избери ставки** за да го активирате режимот на работа со серии (исто така, можете да притиснете долго на еден албум/слика), а потоа, допрете видео-записи/слики со кои сакате да работите. Допрете за да ги избришете избраните датотеки. Допрете за да ги споделите избраните датотеки.



## 7.3 Музика

Можете да емитувате музички датотеки складирани на вашиот телефон или microSD картичка. Музичките датотеки може да се преземат од вашиот компјутер на телефонот со помош на USB-кабел.

За емитување датотека со музика, допрете од Почетен екран, а потоа допрете **Музика**.

### 7.3.1 Емитување музика

Допрете песна за да ја емитувате.




❶ Пристапете до менито.
❷ Изменете го приказот на песни.
❸ Пребарајте песна.
❹ Пристапете до повеќе функции.
❺ Емитувајте или паузирајте.
❻ Емитувајте ја следната песна.

Додека емитувате песни со Музика, функциите за пауза, емитување или прескокнување се достапни, дури и кога екранот е заклучен екранот.

# 8 Друго ..................................

## 8.1 Датотеки.........................................................

За управување со датотеките на вашиот телефон, допрете на Почетниот екран, а потоа, допрете **Датотеки**.

**Датотеки** работи и со надворешни SD-картички и со интерна меморија.

**Датотеки** ги прикажува сите податоци од телефонот, вклучувајќи апликации, медиумски датотеки преземени од Google Play Store, YouTube или од други локации; видео-записи, слики или аудио-записи што сте ги снимиле; други податоци префрлени преку Bluetooth, USB-кабел итн.

Кога преземате апликација од компјутер на телефон, можете да ја лоцирате апликацијата со помош на Датотеки, а потоа, да ја инсталирате на вашиот телефон.

**Датотеки** ви овозможува и е навистина ефикасна за да ги вршите следниве општи операции: креирање (под) папка, отворање папка/датотека, приказ, преименување, преместување, копирање, бришење, емитување, споделување итн.

## 8.2 Снимач на звук................................................

За снимање звук, допрете од Почетниот екран, а потоа допрете **Снимач на звук**.

**Снимачот на звук** ви овозможува да снимате говор/звук со времетраење од секунди/часови.



## 8.3 Компас..............................................................

Занишајте го уредот со движење на бројот 8 за да ја добиете вашата детална локација.

## 8.4 Радио ...............................................................

Вашиот телефон е опремен со радио [1] со RDS [2] функционалност. Можете да ја користите апликацијата како традиционално радио со зачувани канали или со визуелни информации поврзани со радио- програмата што се прикажува кога ќе изберете станици што нудат визуелни радио-услуги.

За да слушате радио-програми, допрете од Почетниот екран, а потоа допрете **FM-радио**.

За негово користење мора да ги вклучите слушалките што, кои функционираат како антена поврзана за вашиот телефон.

(1) Квалитетот на радиото зависи од покриеноста на радио станицата во таа конкретна област.

(2) Зависи од вашите мрежен оператор и пазар.

Допрете за да активирате/ деактивирате звучник.

Допрете за намалување во интервал од 0,1MHz

Притиснете долго за пребарување и преминете до најблискиот канал на ниска фреквенција.

Допрете за да преминете на претходниот зачуван канал.

Допрете за емитување/ запирање




Допрете за да се отвори и да се прикаже листата со зачувани канали.

Допрете за да ја додадете моменталната станица во омилени.

Повлечете за менување на моменталната фреквенција

Допрете за зголемување во интервал од 0,1MHz

Притиснете долго за пребарување и отидете до најблискиот канал на висока фреквенција

Допрете за да одите на следниот зачуван канал.



**Достапни опции:**

| | |
|---|---|
| • **Зачувај канали** | Зачувајте ја тековната станица во листата со канали. |
| • **Скенирај канали** | Допрете за да пребарате канали. |
| • **Избриши** | Избришете го каналот. |
| • **Внеси фреквенција** | Внесете ја фреквенцијата рачно за бирање на каналот. |
| • **Информации за станица** | Штиклирајте го полето за да се прикажат информациите за станицата. |
| • **Излези** | Исклучете го радиото. |

## 8.5 Други апликации [(1)]

Претходните апликации во овој дел се однапред инсталирани на вашиот телефон. За да прочитате краток вовед за однапред инсталираните апликации од трета страна, прочитајте ја брошурата што оди се добива со телефонот. Исто така, може да преземете илјадници апликации од трета страна, така што ќе отидете на Google Play Store на вашиот телефон.

(1) Достапноста на апликациите зависи од државата и од операторот.

# 9 Google- апликации.............

Google апликациите се однапред инсталирани на вашиот телефон за да се подобри работната ефикасност и полесно да уживате во животот.

Во овој прирачник, апликациите се опишани во кратки црти. За деталните одлики и водичи за корисци, погледнете ги соодветните интернет-страници или воведот даден во апликациите.

Препорачливо е да се регистрирате со Google сметка за да уживате во сите функции.

## 9.1 Chrome

Интернет-прелистувач со кој може да сурфате на интернет.

Вашите омилени страници, историја на прелистување и поставки, во рамки на сите уреди на кои е инсталиран прелистувачот, може да се синхронизираат со вашата Google сметка.

## 9.2 Gmail

Како интернет-базирана услуга за е-пошта на Google, Gmail се конфигурира кога за прв пат го поставувате вашиот телефон. Со оваа апликација, можете да примате и праќате е-пораки, да управувате со е-пораки преку етикети, да архивирате е-пораки итн. Е-пораките може да се синхронизираат автоматски со вашата сметка на Gmail.



## 9.3 Maps

Google Maps нуди сателитски слики, мапи на улици, 360° панорамски прикази на улици, сообраќајни услови во реално време и планирање маршрути за патување пешки, со автомобил или јавен транспорт. Со користење на оваа апликација, можете да ја добиете вашата сопствена локација, да пребарате место и да добиете предложен планиран правец за вашите патувања.

## 9.4 YouTube

YouTube е интернет апликација за споделување видео-записи каде корисниците можат да поставуваат, прегледуваат и споделуваат видео-записи. Достапната содржина вклучува видео-записи, телевизиски записи, музички видео-записи и други содржини како на пример, видео-блогирање, кратки оригинални видео-записи и едукативни видео-записи. Поддржува функција за стримување што ви овозможува да започнете да гледате видео-записи речиси веднаш штом ќе бидат преземени од интернет.

## 9.5 Play Store

Служи како официјална продавница за апликации за оперативниот систем Android, овозможувајќи им на корисниците да прелистуваат и преземаат апликации и игри. Апликациите се или бесплатни, или имаат одредена цена.

Во Play Store, пребарајте ја потребната апликација, преземете ја и потоа, следете го водичот за инсталација за да ја инсталирате апликацијата. Можете, исто така, да деинсталирате апликација, ажурирате апликација и да управувате со вашите преземени ставки.

## 9.6 Drive

Услуга за складирање датотеки и синхронизација креирана од Google кој им овозможува на корисниците да складираат датотеки во облакот, како и да споделуваат и уредуваат датотеки.

Датотеките во Drive се чуваат безбедно и можете да пристапите до нив од секој уред со најавување во вашата Google сметка. Датотеките или папките може да се споделуваат приватно само со одредени корисници кои имаат Google сметка.

## 9.7 Play Music

Услуга за стримување музика и интернет кабинет со музика управувана од Google.

Можете да вчитувате и слушате голем број песни бесплатно. Освен понудата на стримување музика за уреди поврзани на интернет, апликацијата Google Play Music овозможува музиката да се складира и да се слуша надвор од мрежата.

## 9.8 Play Movies & TV

Филмови и телевизиски емисии може да се гледаат на интернет преку Google Play Movies & TV. Исто така, можете да преземате филмови и телевизиски емисии за гледање вон мрежа. Некои содржини се достапни само за изнајмување или купување.

## 9.9 Duo

Мобилна апликација за видео-разговори.

Откако ќе го потврдат својот телефонски број, корисниците можат лесно да повикуваат луѓе од своите листи со контакти.



## 9.10 Photos

Google Photos ги складира и прави резервни копии од вашите фотографии и видео-записи. Исто така, автоматски ги анализира фотографиите и ги организира во групи за да можете лесно да ја пронајдете фотографијата што ја барате.

## 9.11 Keep

Апликација за водење белешки развиена од Google.

Можете да вметнете слики, листи, како и да снимате говор во вашите белешки, и да поставувате временски потсетници или потсетници базирани на локација за белешките. Google Keep ви овозможува да ги категоризирате белешките според ознаки, и белешките може да се пребаруваат по боја, без разлика дали содржат потсетници, звуци, слики или се листи.

# 10 Поставки........................

За да одите на Поставки, допрете од Почетниот екран, а потоа допрете **Поставки**.

## 10.1 Безжични одлики и мрежи

### 10.1.1 Wi-Fi

Со помош на Wi-Fi сега можете да сурфате на интернет без да ја користите вашата SIM-картичка секогаш кога сте во опсег на безжична мрежа. Единственото нешто што треба да го направите е да влезете во приказот **Wi-Fi** и да конфигурирате точка на пристап за да го поврзете вашиот телефон со безжичната мрежа.

За детални упатства за користење Wi-Fi, погледнете во **"6.1.2 Wi-Fi"**.

### 10.1.2 Turbo download

Вклучете го прекинувачот за да активирате турбо преземање. Презема големи датотеки (над 20MB) преку Wi-Fi и 4G/3G мрежите истовремено.

### 10.1.3 Bluetooth

Bluetooth овозможува вашиот телефон да врши размена на податоци (видео-записи, слики, музика итн.) во рамки на мал опсег со друг уред што поддржува Bluetooth (телефон, компјутер, печатач, слушалки, комплет за автомобил итн.).

За повеќе информации за Bluetooth, погледнете во **"6.2 Поврзување со уредот Bluetooth"**.



### 10.1.4 Употреба на податоци

#### Мобилни податоци

Ако не сакате да пренесувате податоци преку мобилни мрежи, исклучете **Мобилни податоци** за да избегнете високи трошоци за употреба на податоци преку мобилните мрежи од локалните оператори, особено ако немате договор за мобилни податоци.

#### Поставете граница за мобилни податоци

Со активирање на **Подеси ограничување на мобилните податоци**, вашата мобилна податочна врска ќе биде деактивирана кога ќе се достигне поставената граница. Исто така, можете да изберете циклус за употреба на податоци за да ги прикажете статистиката и апликациите поврзани со употребата на податоци на вашиот телефон.

Употребата на податоци се мери од страна на вашиот телефон и може да се разликува од мерката што ја добил вашиот оператор.

### 10.1.5 Повеќе > Авионски режим

Вклучете го копчето за **Авионски режим** за истовремено да ги деактивирате сите безжични врски вклучувајќи Wi-Fi, Bluetooth и други.

### 10.1.6 Повеќе > NFC (1)

Вклучете за да активирате NFC.

Функцијата овозможува размена на податоци кога телефонот допира друг уред.

(1) Само за 5046Y.

### 10.1.7 Повеќе > Android Beam [1]

Android beam може да се активира само кога е вклучен NFC.

Функцијата овозможува да ја пренесете содржината на апликацијата преку NFC.

### 10.1.8 Повеќе > Ограничен опсег и мобилен хотспот

Оваа функција ви овозможува да ја споделите мобилната податочна врска од вашиот телефон преку USB или како мобилна Wi-Fi пристапна точка (погледнете во **"6.4 Споделување на мобилната податочна врска на вашиот телефон"**).

### 10.1.9 Повеќе > VPN

Мобилната виртуелна приватна мрежа (мобилна VPN или mVPN) овозможува мобилните уреди да можат да пристапуваат до мрежни ресурси и софтверски апликации во нивните матични мрежи, кога се поврзуваат преку други безжични или кабелски мрежи. Мобилните VPN мрежи се користат во средини каде работниците треба да држат сесии на апликација отворени цело време додека трае работниот ден, бидејќи корисникот се поврзува различни безжични мрежи, се појавуваат падови во покриеноста или прекини кај нивните уреди за да се заштеди батеријата. Конвенционална VPN мрежа не може да опстане при такви услови бидејќи мрежниот тунел е прекинат предизвикувајќи прекинување на врската со апликациите, временски одложувања, неуспешни обиди или дури блокирање на самиот уред.

За повеќе информации за VPN, погледнете во **"6.5 Поврзување со виртуелни приватни мрежи"**.



### 10.1.10 Повеќе > Мобилни мрежи

**Претпочитани мрежи**

Допрете за да ја поставите или додадете вашата претпочитана мобилна мрежа.

**Роаминг податоци**

Ако немате потреба да пренесувате податоци на мобилните мрежи на други оператори, деактивирајте **Роаминг податоци** за да избегнете да настанат значајни трошоци за роаминг.

**Тип на претпочитана мрежа**

Поставете го типот на вашата претпочитана мрежа на **4G, 3G,** или **2G**.

**Точка на пристап**

Можете да ја изберете вашата претпочитана мрежа со помош на ова мени.

**Мрежни оператори**

Можете да изберете мрежен оператор.

## 10.2 Уред

### 10.2.1 Гестови

Следниве гестови може да се користат за брзи операции:

- **Сврти го за нечујно** Означете го полето за штиклирање за да ги исклучите мелодиите на дојдовни повици со превртување на телефонот.

- **Превртете за да активирате** Вклучете го и изберете го однесувањето при превртување на **Дремка** или **Отфрли** при дојдовен аларм.
- **Снимка од екран со три прста** Кога оваа функција е вклучена, можете да лизгате надолу по екранот со 3 прста истовремено за да сликате снимка од екран.

### 10.2.2 Почетен екран

Допрете за да го поставите стилот на Почетен екран на **Joy Launcher** или **Лесен режим.**

### 10.2.3 Екран

Во ова мени, можете да ја приспособите светлината на екранот, заднината, времето на мирување, големината на фонтот итн.

За да ја вртите содржината на екран кога се врти уредот, допрете **Кога уредот се врти > Врти ја содржината на екранот**.

### 10.2.4 Заклучен екран

#### Кратенки за функции

Допрете за да ја прилагодите кратенката за апликацијата која е прикажана на вашиот заклучен екран.

#### Заклучи екран

Допрете за да го поставите методот за отклучување на вашиот екран. На пример, можете да го отклучите вашиот телефон со лизгање по екранот, со внесување лозинка или со цртање шара итн.



#### Порака на заклучен екран

Допрете за да внесете текст што ќе се прикажува на заклучениот екран.

#### Отпечаток од прст

Идентификацијата со отпечаток од прст ви овозможува :

- **Отклучување на екран** Отклучете го вашиот екран бргу со поставување на прстот на сензорот за отпечаток од прст.
- **Снимете фотографија/видео-запис** Допрете го сензорот за отпечаток од прст за брзо снимање фотографија/видео-запис додека се наоѓате во **Камера**.

За да додадете отпечаток од прст, допрете **Додај отпечаток од прст**, а потоа, следете ги упатствата на екранот. Можете да додадете повеќе од еден отпечаток од прст.

#### Паметно заклучување

Со **Паметно заклучување**, можете да ги поставите вашите сигурни уреди, места, лице, глас итн. За да ја активирате оваа функција, најпрво мора да поставите заклучување на екран.

### 10.2.5 Звук и известување

Допрете за да ја приспособите мелодијата на ѕвонење за повици и за известувања, музика и други аудиопоставки.

- **Тивок режим** — Вклучете го за да го активирате тивкиот режим.
- **Звук** — Поставете ја јачината на звук за медиумите, мелодијата на ѕвонење и на алармите.
- **Режим на слушалки** — Штиклирајте го полето за да го активирате режимот на слушалки. Ако слушалките се приклучени, мелодиите на ѕвонење ќе се слушаат само преку слушалките.
- **Вибрирај при повици** — Вклучете за да активирате вибрација за дојдовни повици.
- **Не вознемирувај** — Допрете за да дозволите аларми, потсетници, повици итн., кога режимот Не вознемирувај е вклучен.
- **Мелодија на ѕвонење** — Допрете за да ја поставите мелодијата на ѕвонење за дојдовни повици.
- **Зададена мелодија за известување** — Допрете за да поставите стандарден звук за известувања.
- **Други мелодии** — Вклучете ги копчињата за да активирате тонови на копчињата, звуци при заклучување на екранот, звуци при допир и вибрации при допир.
- **Кога уредот е заклучен** — Допрете за да изберете дали да се прикажува содржината на сите известувања или воопшто да не се прикажуваат известувањата кога уредот е заклучен.
- **Апликациски известувања** — Допрете за да блокирате или да поставите приоритет за известувањата за апликации.



- **Пристап до известување** — Допрете за да ги видите слушателите на известувањата.
- **Пристап до Не вознемирувај** — Допрете за да се прикажат инсталираните апликации кои што побарале пристап до Не вознемирувај.

### 10.2.6 Апликации

Допрете за да прикажете детали за апликациите инсталирани на вашиот телефон, да управувате со користењето на нивните податоци и да ги натерате да прекинат да се вршат.

Во менито **Дозволи** на некоја апликација, можете да дадете дозвола за апликација, како на пример, да ѝ дозволите на апликацијата пристап до вашата **Камера, Контакти, Локација** итн.

Во менито **Известувања** можете да конфигурирате дали да блокирате известувања од оваа апликација, да скриете чувствителна содржина итн.

### 10.2.7 Меморија и USB

Користете ги овие поставки за да го следите вкупниот и слободниот простор на вашиот телефон.

### 10.2.8 Батерија

Допрете која било категорија на екранот за управување со батерија за да ја видите потрошувачката на енергија на батеријата.

Енергијата можете да ја приспособите преку приказот за светлина или приказот за истечено време во поставките за Екран.

### 10.2.9 Меморија

Допрете за да се прикаже вкупната меморија и меморијата што ја користат апликациите.

## 10.3 Лично

### 10.3.1 Локација

**Вклучено**

Вклучете го за да активирате користење на информации од Wi-Fi и мобилни мрежи за да ја одредите вашата приближна локација што ќе ја користите во Google Maps, кога вршите пребарување итн. Кога ќе ја изберете оваа опција, ќе бидете запрашани дали се согласувате да ја споделувате анонимно вашата локација со услугата на Google за локација.

**Режим**

Допрете за да изберете Голема прецизност, Штедење на батеријата или режимот Само на уредот.

- **Голема прецизност:** Користете GPS, Wi-Fi и мобилна мрежа за одредување на локацијата.
- **Штедење на батеријата**: Користете Wi-Fi и мобилна мрежа за да одредите локација.
- **Само на уредот:** Користете GPS за одредување на локацијата.

**Неодамнешни барања за локација**

Оваа листа ги покажува неодамнешните барања за локација.

### 10.3.2 Безбедност

**Шифрирај го телефонот**

Потребен е PIN код, шара или лозинка за да го шифрирате вашиот телефон секој пат кога ќе го вклучите.



**Приватен режим**

Допрете за да вклучите/исклучите приватен режим Пред да користите Приватен режим, поставете метод за заклучување на екран: шема, PIN или лозинка.

**Поставете заклучување на SIM картичката**

- Вклучете го прекинувачот **Заклучи SIM-картичка** за да ја заклучите SIM-картичката со PIN- код.
- Допрете **Смени PIN код за SIM картичка** за да го смените PIN кодот.

**Активирање на видливоста на лозинката**

Вклучете за да биде прикажана лозинката додека ја внесувате.

**Администратори на уред**

Допрете за да ги прикажете или деактивирате администраторите на уредот.

**Непознати извори**

Вклучете за да дозволите инсталирање апликации што ги добивате од интернет-страници, е-пошта или од локации што се поинакви од Google Play Store.

За да ги заштитите вашиот телефон и личните податоци, преземајте апликации само од доверливи извори, како на пример, Google Play Store.

**Вид меморија**

Видот на вашата меморија е стандардно поставена на **Хардверски поддржана**.

### Доверливи акредитиви

Допрете за да се прикажат доверливи CA акредитиви.

### Инсталирај од внатрешна меморија

Допрете за да инсталирате шифрирани сертификати од интерната меморија или од SD-картичката.

### Избриши ги акредитивите

Допрете за да ги отстраните сите акредитиви.

### Доверливи агенти

Отворете ја поставката за да ги прикажете и деактивирате доверливите агенти. За да ја активирате оваа функција, најпрво мора да поставите заклучување на екран.

### Поставување на екран

Кога оваа функција е вклучена, можете секогаш да гледате прозорец со допирање на копчето **Преглед** и пото иконата за поставување. Во овој случај, корисникот не може да оди на друг прозорец или да отвори друга апликација.

За да престанете да го гледате поставениот прозорец, притиснете ги долго и заедно копчињата **Назад** и **Преглед** , потоа внесете ја лозинката за отклучување екран или нацртајте ја шемата за отклучување.

### Апликации со пристап за користење

Допрете за да ги прикажете апликациите кои можат да следат кои апликации ги користите и зачестеноста со која ги користите. Вклучете за да овозможите дозвола.



## 10.3.3 Отпечаток од прст

Одете во **"10.2.4 Заклучен екран"** за детали.

## 10.3.4 Сметки

Користете ја оваа поставка за додавање, отстранување и управување со вашите сметки за е-пошта и други подржани сметки. Исто така, можете да ги користите овие поставки за да контролирате како и дали сите апликации да праќаат, примаат и синхронизираат податоци по сопствен распоред, и дали сите апликации да можат автоматски да вршат синхронизација на кориснички податоци.

### Додај сметка

Допрете **Додај сметка** за да додадете сметка за избраната апликација.

## 10.3.5 Google

Овој телефон ви нуди опции за поставки за Google сметки и услуги.

## 10.3.6 Јазик и внесување

Користете ги поставките за јазик и внесување за избирање јазик за текстот на вашиот телефон и за конфигурирање на тастатурата на екранот. Исто така, можете да ги конфигурирате поставките за говорен влез и брзина на курсорот.

### Јазик

Изберете го саканиот јазик и регион.

### Проверка на правопис

Вклучете за да овозможите системот да прикажува предложени зборови.

### Личен речник

Допрете за да се отвори листа со зборови што сте ги додале во речникот. Допрете збор за да го измените или избришете. Допрете го копчето за додавање + за да додадете збор.

### Тековна тастатура

Допрете за да изберете стандарден метод за внесување.

### Тастатура Android (AOSP)

Отворете ги менијата за да го поставите вашиот јазик, претпочитаните начини за пишување, изглед и распореди на приказ, корекција на текст итн.

### Пишување со говор Google

Допрете за да поставите поставки за говорно пишување Google.

### TTS излез

- **Претпочитан погон:** Изберете Претпочитан погон за текст во говор. допрете за да прикажете повеќе избори за секој погон.
- **Стапка на говор:** Допрете за да се отвори дијалог во кој можете да изберете колку брзо да говори синтисајзерот.
- **Слушнете пример:** Допрете за да се емитува краток пример од овој синтисајзер за говор користејќи ги вашите тековни поставки.
- **Статус на стандарден јазик:** Со ова ќе се прикаже статусот на вашиот стандарден јазик.



### Брзина на курсор

Допрете за да се отвори дијалог во кој можете да ја промените брзината на курсорот, допрете**OK** за да потврдите.

## 10.3.7 Резервна копија и ресетирање

### Направи резервна копија на моите податоци

Вклучете за да направите резервна копија на поставките на вашиот телефон и на другите податоци од апликациите на серверите на Google. Ако го замените вашиот телефон, поставките и податоците од кои сте направиле резервна копија ќе се обноват на новиот телефон првиот пат кога ќе се најавите во вашата Google сметка. Кога ќе ја активирате оваа опција, се прави резервна копија од голем број поставки и податоци, вклучувајќи ваши лозинки за Wi-Fi, обележувачи, листа на апликациите што вие сте ги инсталирале, зборови што сте ги додале во речникот што се користи на тастатурата на екранот и поголемиот број поставки што сте ги конфигурирале со апликацијата Поставки. Ако ја отштиклирате оваа опција, ќе престане да се прави резервна копија од вашите поставки и сите постоечки резервни копии се бришат од серверите на Google.

### Сметка за резервни копии

Допрете за да поставите сметка за резервни копии.

### Автоматско враќање

Вклучете за да ја вратите резервната копија од вашите поставки или од други податоци кога ќе преинсталирате апликација.

### Ресетирај поставки за мрежа

Допрете за да ги ресетирате сите поставки во мрежата.

**Ресетирање на DRM**

Со оваа операција ќе се избришат сите лиценци од вашиот уред.

**Обнови фабрички поставки**

Се бришат сите ваши лични податоци од внатрешната меморија на телефонот, вклучувајќи информации за вашата Google сметка, сите останати сметки, поставките за вашиот систем и апликации и сите преземени апликации. Ресетирањето на телефонот не ги брише ажурирањата на системскиот софтвер што сте ги презеле.

Ако го ресетирате телефонот на овој начин, ќе бидете замолени да ги внесете истите информации како и првиот пат кога го стартувавте Android.

Кога телефонот не се вклучува, постои друг начин да се изврши ресетирање на фабричките поставки со помош на хардверските копчиња. Притиснете ги истовремено **Копчето за јачина на звук** и **Копчето за вклучување/исклучување** и задржете додека не се вклучи екранот

# 10.4 Систем

## 10.4.1 Датум и време

Користете ги поставките за Датум и време за да ги приспособите кон вашите склоности за тоа како да се прикажуваат датумот и времето.

**Автоматски датум и време**

Изберете **Користи време дадено од мрежа**, **Користи време дадено од GPS** или **Исклучи**.

**Автоматска временска зона**

Вклучете за да го користите времето од мрежата.



**Постави датум**

Допрете за да се отвори дијалог во кој може рачно да го поставите датумот во телефонот.

**Постави време**

Допрете за да се отвори дијалог во кој можете рачно да го поставите времето на телефонот.

**Избери временска зона**

Допрете за да се отвори дијалог во кој може рачно да ја поставите временската зона во телефонот.

**Користи 24-час.формат**

Вклучете за прикажување на времето во 24-часовен формат.

**NTP сервер**

Допрете за да отворите дијалог- прозорец каде може да го менувате вашиот NTP-сервер.

**Избери формат на датум**

Допрете за да се отвори дијалог каде што можете да го изберете вашиот претпочитан формат за прикажување на датумите.

## 10.4.2 Програмирано вклучување и исклучување

Вклучете ги прекинувачите за да активирате програмирано вклучување/исклучување и за однапред да го поставите вашето време за вклучување/исклучување и режимот за повторување.

## 10.4.3 Пристап

Користете ги поставките за пристап за конфигурирање додатоци за пристап што сте ги инсталирале на вашиот телефон.

### TalkBack

Допрете за да овозможите говорна повратна информација од вашиот телефон.

### Switch Access

Вклучете го копчето Switch Access кое ви овозможува да го контролирате вашиот телефон со комбинации на копчиња со можност за конфигурирање. Допрете **ПОСТАВКИ** во горниот лев агол од екранот за да доделите комбинации од копчиња за наведените дејства.

### Совети

Допрете за активирање/деактивирање совети на екранот на телефонот.

### Гестови за зумирање

Вклучете/исклучете го копчето за активирање/деактивирање на функцијата за зумирање/одзумирање со три допири на екранот.

### Голем текст

Вклучете за да го зголемите текстот на екранот.

### Висок контраст на текст

Вклучете за да активирате висок контраст на текст.

### Крај на сите повици

Вклучете го за да активирате завршување на повик со помош на Копчето за вклучување/исклучување.



### Автоматско ротирање на екран

Вклучете за да активирате приказ на автоматско ротирање. Содржината на екранот или тастатурата автоматски ќе ротираат кога ќе го свртите телефонот.

### Изговори ги лозинките

Вклучете за да ги кажувате лозинките додека внесувате текст.

### Кратенка за пристап

Допрете за вклучите/исклучите брза активација на одликите за пристапност.

### TTS излез

Допрете за ажурирање на поставките за излезен текст во говор, како брзина на говор.

### Одложување со долго притискање

Допрете за прилагодување на времетраењето на одложувањето при допирање и задржување. Оваа функција овозможува вашиот телефон да разликува допирање и допирање и држење, со што може да се избегнат неточни погрешни операции.

### Мешање на бои

Вклучете за да вклучите инверзија на боја.

### Корекција на боја

Допрете за вклучување/исклучување на корекција на боја.

## 10.4.4 Регулаторни и безбедносни информации

Допрете за приказ на информации за производот

### 10.4.5 За телефонот

Овде се содржат информации што се однесуваат на правни информации, број на модел, верзија на Android, ниво на безбедност на поправка за Android, верзија на Baseband, верзија на јадро, број на програмски пакет, верзија на прилагоден програмски пакет, до оние наведени подолу:

**Ажурирања**

Допрете за да проверите дали има ажурирања за системот.

**Подобрување на искуството**

Ако оваа функција е вклучена, податоците за изведба на вашиот уред ќе се соберат за подобрување на квалитетот и изведбата на уредот.

**Статус**

Овде се содржат информации за статусот на батеријата, нивото на батеријата, Мојот телефонски број, Мрежа, Јачина на сигнал итн.



# 11 Како најдобро да го искористите вашиот телефон ..................................

## 11.1 Надградба

Можете да ја користите алатката Mobile Upgrade или алатката FOTA Upgrade за да го ажурирате софтверот на вашиот телефон.

### 11.1.1 Мобилно ажурирање

Преземете ја Mobile Upgrade од интернет-страницата на ALCATEL (www.alcatel-mobile.com) и инсталирајте ја на вашиот компјутер. Стартувајте ја алатката и ажурирајте го вашиот телефон следејќи ги упатствата чекор по чекор (погледнете во Водичот за корисници испорачан заедно со алатката). Софтверот на вашиот телефон сега ќе го има најновиот софтвер.

Сите лични информации ќе бидат трајно изгубени по постапката за ажурирање. Препорачуваме да направите резервна копија од вашите лични податоци со помош на Smart Suite пред да започнете со надградба.

## 11.2 FOTA Upgrade

За да го ажурирате софтверот на вашиот телефон, употребете ја алатката FOTA Upgrade (Фирмвер преку воздух). За да пристапите до **Ажурирања**, допрете ја картичката Апликации од Почетниот екран, а потоа изберете **Ажурирања** или допрете **Поставки** > **За телефонот** > **Ажурирања**.

Допрете и телефонот ќе го пребара најновиот софтвер. Ако сакате да го ажурирате системот, допрете го копчето и кога тоа ќе заврши тоа, допрете за да ја завршите надградбата. Сега вашиот телефон ќе ја има најновата верзија на софтверот. Вклучете да податочната врска или Wi-Fi пред да пребарувате ажурирања. Поставки за автоматско проверување на фреквенцијата, исто така, се достапни откако ќе го рестартирате телефонот. Ако сте избрале автоматска проверка, кога системот ќе открие нова верзија, ќе се појави скокачка рамка во која можете да изберете да го преземете ажурирањето или да го игнорирате. Исто така, на статусната лента ќе се појави известување.

Во текот на преземањето или на ажурирањето FOTA, за да се избегнат грешки при лоцирањето на точните пакети за ажурирање, не треба мојте да ја менувате својата стандардна локација за меморирање.



# 12 Прибор

Најновата генерација на мобилни телефони alcatel нуди вградена одлика за „слободни раце“, која ви овозможува да го користите телефонот од далечина, на пример, поставен на маса. За оние кои претпочитаат да водат доверливи разговори, достапна е слушалка.

1. Полнач

2. USB кабел

3. Стерео слушалки

Користете ги само батериите alcatel, полначите и приборот вклучени во пакувањето со вашиот уред.

# 13 Гаранција ..............................

Вашиот уред е под гаранција против било какво отстапување од техничките спецификации во период од дванаесет (12) месеци [(1)] од датумот означен на вашата оригинална фактура, што е предмет на било кои други клаузули.

Условите на гаранцијата дефинирани во прирачникот исто така се однесуваат и на батеријата [(2)] и на додатната опрема продадена со телефонот, но за период од шест (6) месеци [(1)] од датумот на купување означен на оригиналната фактура.

Во случај на дефект на уредот, мора веднаш да го информирате вашиот продавач и да ја покажете сметката/фактурата што сте ја добиле при купувањето на истиот.

Ако се потврди дефектот, вашиот уред или некој дел од него ќе биде соодветно или заменет или поправен. Поправените уреди и нивните делови имаат гаранција од (1) еден месец за истиот дефект. Поправката или замената може да биде изведена со ремонтирани компоненти што нудат еквивалентна функционалност.

Оваа гаранција ги покрива трошоците за деловите и работната рака, но ги исклучува сите останати трошоци.

Оваа гаранција нема да се примени за дефекти на вашиот уред и/или додатната опрема предизвикани од (без било какво ограничување):

(1) Периодот на гаранцијата може да варира во зависност од Вашата земја.

(2) Животниот век на батеријата на мобилниот телефон што може да се полни, во однос на времето на зборување, времето на мирување и вкупниот работен век, ќе зависи од условите за користење и мрежната конфигурација. Батериите се сметаат за потрошен материјал, спецификациите тврдат дека вие треба да добиете оптимални перформанси за вашиот телефон.



1) Не следење на инструкциите за употреба или инсталација, или несогласност со техничките и безбедносните стандарди применливи во географското подрачје каде се користи уредот,
2) Поврзување или интегрирање во телефонот на било каква опрема што не е набавена или препорачана од страна на TCL Communication Ltd,
3) Модификација или поправка изведена од индивидуалци кои не се овластени од TCL Communication Ltd. или нивните партнери или вашиот вендор,
4) Модификација, приспособување или промена на софтверот или хардверот изведена од на лица што не се овластени од страна на TCL Communication Ltd,
5) Невреме, грмотевици, пожар, влажност, навлегување на течности или храна, хемиски производи, превземање на датотеки, удар, висок напон, корозија, оксидација...

Вашиот уред нема да биде поправен ако етикетите или сериските броеви (IMEI) се избришани или променети.

Не постојат изразени гаранции, било писмени или усмени, различни од оние печатените ограничени гаранции, јасни или претпоставени, од било каква природа.Во никој случај TCL Communication Ltd. или нивните партнери нема да бидат одговорни за случајни или консеквентни оштетувања од било каква природа, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на трговска загуба, комерцијална загуба, до целосен обем тие оштетувања можат да бидат отфрлени според законот.

Некои земји/држави не дозволуваат исклучување или ограничување на случајни или консеквентни оштетувања или ограничување на времетраењето на подразбираната гаранција, така што претходните ограничувања или исклучувања може да не се однесуваат на вас.

# 14 Проблеми и решенија........

Пред да контактирате со одделението за поддршка, ви советуваме да ги следите инструкциите подолу:

- Ви советуваме целосно да ја полните батеријата за оптимално функционирање.
- Избегнувајте чување на голема количина податоци во вашиот телефон бидејќи тоа може да влијае врз работата на телефонот.
- Користејќи ја алатката FOTA Надградба можете да го ажурирате софтверот на вашиот телефон. За да пристапите до **Ажурирања**, допрете ја картичката Апликации од почетниот приказ, а потоа, изберете **Ажурирања** или допрете **Поставки\Информации за телефонот\Ажурирања**.

  Допрете ја иконата и телефонот ќе го пребара најновиот софтвер. Ако сакате да го ажурирате системот, допрете го копчето потоа допрете за да го завршите ажурирањето. Вашиот телефон ќе ја има најновата верзија на софтвер. Треба да ја вклучите податочната врска за пребарување на ажурирањата. Достапни се подесувања за интервали за авто-проверка и потсетници за ажурирањата откако ќе го рестартирате телефонот. Доколку избравте автоматска проверка, кога системот ќе открие нова верзија, ќе се појави прозорчето за да изберете превземи или игнорирај, исто така известувањето ќе се прикаже на статусната лента.

  За време на FOTA превземање или ажурирање, за да избегнете грешки во пронаоѓањето на точно ажурирани пакети, не менувајте ја вашата зададена локација за меморирање.



- Користете ја алатката за **Фабричко ресетирање на податоци** и Мобилна Надградба за форматирање на телефонот или за надградба на софтверот (за фабричко ресетирање на податоци истовремено задржете го копчето за **Вклучување/исклучување** и копчето за **Зголемување на звук**). СИТЕ лични податоци: контакти, фотографии, пораки и датотеки, превземени апликации ќе бидат трајно избришани. Строго ви препорачуваме да направите целосна резервна копија од сите податоци од телефонот и профилот преку Smart Suite пред да направите форматирање или надградба.
- Ве молиме за внимание, бидејќи откако ќе направите Фабричко ресетирање на податоци, можеби ќе биде побарано од вас да ги внесете акредитивите на Google сметката* што биле користени на овој уред пред Фабричкото ресетирање. Во спротивно нема да бидете во можност да го користите уредот. Ако не се сеќавате на акредитивите за Google сметката, ве молиме пополнете ја постапката за обновување на Google сметката. Во случај да не се успеете во тоа - ве молиме обратете се до овластен центар за сервис, но внимавајте ова не припаѓа под гаранција.

* Применливи за оперативниот систем Андроид верзии почнувајќи од 5.1.

и извршете ги следните проверки:

### Телефонот е замрзнат или не може да се вклучи

- Кога телефонот не може да се вклучи, полнете го телефонот најмалку 20 минути за да се добие потребната енергија на телефонот, потоа обидете се да го вклучите повторно.

- Кога телефонот не работи соодветно за време на анимацијата при вклучување/исклучување и не може да се пристапи до корисничкиот интерфејс, притиснете и задржете го копчето **Вклучување/Исклучување** за да влезете во Безбедносниот режим. Со ова ќе се отстрани секој проблем поврзан со стартирање на оперативниот систем, настанат од надворешни апликации.
- Доколку ниту еден од начините не е успешен, ресетирајте го телефонот со задржување на копчето за **Вклучување/Исклучување** и копчето за **Зголемување на звук** (истовремено) или надградете го софтверот преку алатката за Мобилна Надградба.

**Мојот телефон нема одговорено неколку минути**

- Рестартирајте го телефонот со притискање и задржување на копчето за Вклучување/Исклучување.
- Ако телефонот и понатаму не работи, проверете го Форматот за Кориснички податоци за да го ресетирате телефонот или FOTA/ Мобилна надградба за да го ажурирате софтверот.

**Мојот мобилен телефон се исклучува сам**

- Проверете дали тастатурата е заклучена кога не го користите мобилниот телефон и проверете дали не сте го исклучите случајно телефонот со притискање на неговото копче за **Вклучување/исклучување.**
- Проверете го нивото на наполнетост на батеријата.
- Ако телефонот и понатаму не работи, проверете го Форматот за Кориснички податоци за да го ресетирате телефонот или FOTA/ Мобилна надградбата за да го ажурирате софтверот.

**Мојот мобилен телефон не се полни правилно**

- Користете го полначот Alcatel што се наоѓа во кутијата.
- Проверете дали батеријата не е целосно испразнета; ако батеријата е целосно празна подолго време, потребно е околу 20 минути за да се прикаже индикаторот за батерија на екранот.



- Проверете дали полнењето се изведува под нормални услови (0°C до +40°C).
- Кога сте во странство, проверете дали електричната струја е компатибилна.

**Мојот мобилен телефон не се поврзува на мрежа или се појавува „Нема услуга“**

- Обидете се да се поврзете на друга локација.
- Проверете ја мрежната покриеност кај вашиот оператор.
- Проверете кај вашиот оператор дека вашата SIM картичка е важечка.
- Обидете се да се поврзете подоцна ако мрежата е преоптоварена.

**Мојот телефон не може да се поврзе на интернет**

- Проверете го IMEI бројот (притиснете *#06#) е ист како прикажаниот на вашиот гарантен лист или кутија.
- Проверете дали услугата за пристап на интернет на вашата SIM картичка е достапна.
- Проверете ги нагодувањата во телефонот за интернет врска.
- Проверете дали сте на локација со мрежна покриеност.
- Обидете се да се поврзете подоцна или на друга локација.

**Невалидна SIM картичка**

- Проверете дали SIM картичката е внесена правилно (погледнете во "Внесување или отстранување на SIM картичка").
- Проверете дали чипот на вашата SIM картичка е неоштетен или изгребан.
- Проверете дали услугата е достапна на SIM картичката.

**Не може да се остварат појдовни повици**

- Проверете дали избравте важечки број и притиснете **Повикај**.
- За меѓународни повици, проверете ги кодовите на земјата и подрачјето.

- Проверете дали вашиот мобилен телефон е поврзан на мрежа и дека мрежата не е преоптоварена или недостапна.
- Проверете го вашиот претплатнички статус кај операторот (кредит, важечка SIM картичка, итн.).
- Проверете дали сте исклучиле забрана на појдовните повици.
- Уверете се дека вашиот телефон не е во авионски режим.

**Не примам дојдовни повици**

- Проверете дали вашиот мобилен телефон е вклучен и поврзан на мрежа(проверете дали мрежата е преоптоварена или недостапна).
- Проверете го вашиот претплатнички статус кај операторот (кредит, важечка SIM картичка, итн.).
- Уверете се дека не сте ги пренасочиле дојдовните повици.
- Уверете се дека не сте забраниле некои повици.
- Уверете се дека вашиот телефон не е во авионски режим.

**Името на повикувачот не се покажува кога е примен повик**

- Проверете дали сте претплатник на оваа услуга кај вашиот оператор.
- Вашиот повикувач го сокрил неговиот број.

**Не можам да ги најдам моите контакти**

- Проверете дали SIM картичкате е скршена.
- Проверете дали SIM картичката е правилно вметната.
- Импортирајте ги сите контакти меморирани од SIM картичката во телефонот.

**Квалитетот на звукот на повиците не е оптимален**

- Можете да ја прилагодите гласноста за време на повик, со помош на копчето за **Јачина на звук.**
- Проверете ја мрежната јачина.



**Не сум во можност да ги користам опциите опишани во упатството**

- Проверете кај вашиот оператор за да се уверите дека вашата претплата ја содржи оваа услуга.
- Проверете дали оваа опција бара некоја Alcatel дополнителна опрема.

**Кога ќе изберам број од моите контакти, не можам да го повикам бројот**

- Проверете дали правилно сте го снимиле бројот во вашата датотека.
- Проверете дали правилно сте го избрале префиксот на земјата кога се јавувате во друга земја.

**Не можам да додадам контакт во моите контакти**

- Проверете дали именикот на вашата SIM картичка не е полн; избришете некои датотеки или снимете ги датотеките во именикот на производот (т.е. професионални или лични именици).

**Моите повикувачи не се во можност да остават пораки во мојата говорна пошта**

- Контактирајте го вашиот мрежен оператор за да ја проверите достапноста на услугата.

**Не можам да пристапам до мојата говорна пошта**

- Проверете дали бројот на говорната пошта на вашиот оператор е правилно внесен во „Мои броеви".
- Ако мрежата е зафатена, обидете се подоцна.

**Не сум во можност да праќам и примам MMS пораки**

- Проверете ја достапноста на вашата телефонска меморија бидејќи може да е полна.
- Контактирајте го вашиот мрежен оператор за да ја проверите достапноста на услугата и проверете ги MMS параметрите.

- Проверете го бројот на центарот на серверот или вашиот MMS профил кај вашиот оператор.
- Центарот на серверот може да биде заситен, обидете се повторно подоцна.

**PIN кодот е заклучен од SIM картичката**

- Контактирајте го вашиот мрежен операторр за да го добиете PUK кодот (Персонален клуч за отклучување).

**Не сум во можност да се поврзам со мојот компјутер**

- Инсталирајте Smart Suite.
- Проверете дали вашиот USB драјвер е правилно инсталиран.
- Отворете го панелот за известување за да проверите дали Smart Suite Agent е активиран.
- Проверете дали вашиот компјутер соодветствува со барањата за инсталирање на Smart Suite.
- Проверете дали го користите кабелот од кутијата.

**Не сум во можност да превземам нови датотеки**

- Проверете го слободниот простор превземање.
- Изберете ја microSD картичката за да ги снимите датотеките кои ги преземавте.
- Проверете го вашиот претплатнички статус кај вашиот оператор.

**Телефонот не може да биде забележан од страна на други телефони преку Bluetooth**

- Проверете дали Bluetooth-от е вклучен и дека вашиот мобилен телефон е видлив за останатите корисници.
- Проверете дали двата телефони се во Bluetooth опсег.

**Како да го продолжите векот на батеријата**

- Проверете дали го почитувавте целосното време на полнење (минимум 2.5 часа).



- По делумно полнење, индикаторот за наполнетост на батеријата може да не биде прецизен. Почекајте најмалку 20 минути по отстранување на полначот за да добиете прецизна индикација.
- Вклучете го позадинското светло по потреба.
- Продолжете го автоматското времетраење за проверка на е-пошта на подолг интервал.
- Ажурирајте ги информациите за вести и времето по потреба, рачно или нагодете автоматска проверка на подолго време.
- Исклучете ги апликациите во позадина кога не ги користите.
- Исклучете го Bluetooth, Wi-Fi, или GPS кога не ги користите.

**Телефонот се загрева по долги повици, играње на игри, сурфање на интернет, или употреба на други сложени апликации.**

- Ова загревање е нормална појава поради прекумерна обработка на податоци од страна на системот за централно процесирање. Со прекинуваање на горенаведените активности телефонот ќе ја врати нормалната температура.

**Откако ќе се направи Фабричко ресетирање, мојот уред ме прашува да внесам акредитиви на Google сметката и не можам да ја откажам оваа активност*.**

- Откако ќе се направи Фабричко ресетирање на податоци, потребно е да ги внесете оригиналните акредитиви на Google сметката што ги користевте на овој уред пред Фабричкото ресетирање на податоци. Во спротивно нема да бидете во можност да го користите уредот. Ако не се сеќавате на акредитивите за Google сметката, ве молиме пополнете ја постапката за обновување на сметка на Google. Во случај да не се успеете во тоа ве молиме обратете се до овластен центар за сервис, но внимавајте ова не припаѓа под гаранција.

* Применливи за оперативниот систем Андроид верзии почнувајќи од 5.1.

**Не можам да ги слушнам повиците/пораките, само можам да ги видам пропуштените повици/пораки на екранот.**

- Ве молиме проверете дали режимот Прекини/Не вознемирувај е активиран на вашиот уред. Ако е активиран, проверете дали симболот "Ѕвезда" (за Оперативен систем Андроид 5.X верзија) или иконата (за Оперативен систем Андроид 6.X верзија) е о прикажан на панелот за известување. Во тој случај потребно е да го исклучите режимот Прекини/Не вознемирувај. За да го направите тоа, притиснете го копчето за зголемување/намалување на звукот и изберете "Сè" (на Андроид 5.X) или направете измени во Подесувања → Звук и известувања → Прекини ( за Андроид 5.X) или Не вознемирувај ( за Андроид 6.X).

**Мојот уред ми бара да внесам лозинка/код/клуч што не го паметам или не го знам бидејќи овој уред е користен од друга личност пред мене и не можам да ја добијам лозинката/кодот/клучот од таа личност.**

- Барањето за лозинка/код/клуч може да биде причинето од активираната опција за безбедност. Можете да направите Фабричко ресетирање на податоци, но ако и ова не ви помогне ќе морате да се обратите се до овластен сервисен центар, но внимавајте ова не припаѓа под гаранција.



# 15 Спецификации......................

| | |
|---|---|
| **Процесор** | MT6737 |
| **Платформа** | Android M |
| **Меморија** | 16GB ROM + 1,5GB RAM |
| **Димензии (ДхШхВ)** | 142 X 70,5 X 8,65 мм |
| **Тежина** | 151 гр |
| **Екран** | 5.0 HD, целосен екран на допир со 1280X720 |
| **Мрежа** | GSM: 850/900/1800/1900<br>UMTS: B1/2/5/8<br>LTE: B1/3/7/8/20<br>(Фреквентиот појас и брзината на податоци зависат од операторот). |
| **GPS** | A-GPS |
| **Поврзување** | • Bluetooth V4.2<br>• Wi-Fi 802.11b/g/n (2,4GHz)<br>• 3,5 mm аудио приклучок<br>• micro-USB |
| **Камера** | • Задна камера со 16 мегапиксели од SW<br>• Задна камера со 8 мегапиксели од SW |

| | |
|---|---|
| **Поддржани аудио формати** | Емитување: AAC/HE-AAC v1/HE-AAC v2,AMR,AWB,MIDI,MP2,MP3,OGG VORBIS,WAV,APE,WMA,FLAC<br>Снимање AAC,AMR,AWB,OGG,ADPCM |
| **Батерија** [(1)] | • Литиум-јонска батерија со можност за полнење<br>• Капацитет: 2460 mAh |
| **Продолжен приклучок** | Мемориска картичка microSD™ (Достапноста на microSD картичката зависи од пазарот) |
| **Специјални одлики** | • GPS<br>• G-сензор<br>• E Компас |

**Забелешка:** Спецификациите се предмет на измена без претходно известување.

(1) Оригиналната батерија има поминато ригорозни инспекции за безбедност и ги исполнува стандардите за квалификација, додека употребата на неоригинални батерии може да претставува опасност.



alcatel е заштитен знак на Alcatel-Lucent
и се користи под лиценца на
TCL Communication Ltd.

© Copyright 2017 TCL Communication Ltd
Сите права се задржани
TCL Communication Ltd го задржува
правото да ги промени материјалните
или техничките спецификации
без претходна најава.

Сите “Signature” мелодии вградени во овој телефон се компонирани, аранжирани и изведени од страна на NU TROPIC (Amar Kabouche).

Македонски - CJA29H0ALBEA